До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка 1000 Скопје

| ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА |
|---|
| |

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Американски универзитет на Европа – ФОН Факултет |
| Седиште | ул. Киро Глигоров 5, 1000 Скопје |
| Контакт информации | 02/2445 - 503 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф. д-р Саво Ашталкоски<br>ректор<br>savo.ashtalkoski@fon.edu.mk<br>070/295306 |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф. д-р Марија Ветероска<br>marija.veteroska@fon.edu.mk<br>071/207671 |
| Основ за надворешната евалуација | Годишен план<br>Барање на високообразовната установа<br>Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2022-2024 |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | 09-1201/49 од 19.09.2025 |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | не |

Скопје, 27.11.2025 МП Овластено лице на установата

проф. д-р Саво Ашталкоски
ректор
(потпис)

Упатство за пополнување
Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата. Извештајот се доставува на англиски јазик. Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.
Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет не треба да биде подолго од една страница по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните пет години. Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите за секоја студиска програма акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација. Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).
Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации).
Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.
При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува едноставно користење на опциите за пребарување. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.
По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.
Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Американски универзитет на Европа – ФОН |
| Седиште | ул. Киро Глигоров 5, 1000 Скопје |
| Веб страница | [https://aue.mk/](https://aue.mk/) |
| Мисија и визија на установата | Мисијата на АУЕ-ФОН како современа високообразовна институција на посетителите им овозможува прогресивен и напреден начин на размислување, при што согласно агендата на ООН 2030, се поттикнува критичката мисла, приспособливоста, различноста и одржливоста. Визијата на АУЕ - ФОН е да се забрза напредокот на општеството со одржување на квалитетот на етаблирана средина за учење, која континуирано го зачувува и пренесува знаењето. АУЕ ФОН останува посветен на: успех на нашите студенти; квалитет со воспоставување на современи едукативни програми кои ги следат потребите и барањата на модерното општество; развојот на општеството; креативност која се рефлектира во нашата отвореност за нови идеи; интегритет со етичко однесување во севкупната интеракција и воспоставување на перформанси што водат до постигнување на академски и кариерни цели; и емпатија која се рефлектира во подобрување на човековата состојба и личниот развој на нашата заедница.<br>Како носители на дејност од јавен интерес Универзитетот е посветен на одржување на култура на квалитет на високото образование, почитувајќи ја академската слобода на сите членови на нашата академска заедница. Во континуирано се  прават институционални напори за осовременување на студиските програми, адаптирана содржина и методологија за потребите на пазарот на труд; применуваме новите модели на настава; интензивно работиме на интернационализација и меѓународна соработка. Американскиот универзитет на Европа – ФОН е определен за отворена соработка, имплементација и постојано унапредување на системот на образование и квалитетот на студирање. Универзитетот се стреми да обезбеди функционална синтеза на традиционалното и иновативното образование со цел студентите да стекнат применливи знаења за денешницата која е обележана со глобален и мултидисциплинарен пристап на општествените процеси, со истовремено развивање на креативноста и самостојноста во работата, иновативното размислување, истражувачкиот дух и новите пристапи за решавање на проблемите. Универзитетот е место кое треба да создаде амбиент во кој студентите, наставниците и соработниците можат да ги остварат своите професионални интереси и да го зголемат своето знаење, при што секоја активност за обезбедување квалитет ќе биде препознатлива и вреднувана.<br>Главната цел на Универзитетот е да одговори на зголемената побарувачка, како регионално така и глобално, за добро обучени и компетентни кадри конкурентни на пазарот на труд во услови на извонреден технолошки напредок, еколошки предизвици и сложени општествени прашања. Во овој динамичен пејзаж, образованието не станува само средство за постигнување на целта, туку доживотно патување на учење, критичко размислување и емпатија. Нашата цел како академски кадар е студентите да се стекнат со висококвалитетно образование, да ја зајакнат способноста за критичко мислење, да стекнат глобална перспектива и да се вклучат во општествените процеси. |

| | |
|---|---|
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | приватна непрофитна високообразовна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Последната акредитација на студиски програми, кои се активни во периодот на известување, е изведена во 2022 година. Акредитирани се 11 програми на прв циклус академски студии, 13 програми на втор циклус стручни и 15 програми на втор циклус академски студии.<br><br>Економски факултет<br>прв циклус студии<br>Деловна економија, насока Бизнис менаџмент<br>(Дипломиран економист - Бизнис менаџмент<br>Bachelor of economics – business management)<br>- решение бр. 08-132/6 од 06.06.2022<br>Деловна економија, насока Маркетинг<br>(Дипломиран економист- маркетинг<br>Bachelor of Economics- Marketing)<br>- решение бр. 08-149/4 од 15.09.2022<br>Деловна економија, насока Финансии<br>(Дипломиран економист – финансии<br>Bachelor of Economics – finance)<br>- решение бр. 08-143/6 од 06.06.2022<br>Спортски менаџмент<br>(Дипломиран менаџер во спортот<br>Bachelor of sport management)<br>- решение бр. 08-133/6 од 06.06.2022<br>втор циклус на стручни студии<br>Деловна економија, насока Бизнис менаџмент<br>(Специјалист по бизнис менаџмент<br>Specialist (Spec.) in the field of business management)<br>- решение бр. 08-131/6 од 06.06.2022<br>Деловна економија, насока Маркетинг<br>(Специјалист по маркетинг<br>Specialist (Spec.) in the field of marketing)<br>- решение бр.08-151/7 од 05.08.2022<br>Деловна економија, насока Финансии<br>(Специјалист по финансии<br>Specialist (Spec.) in the field of finance)<br>- решение бр. 08-147/6 од 06.06.2022<br>Спортски менаџмент<br>(Специјалист од областа на спортскиот менаџмент<br>Specialist in the field of sport management)<br>- решение бр. 08-134/6 од 06.06.2022<br>втор циклус на академски студии – постдипломски студии<br>Деловна економија, насока Бизнис менаџмент<br>(Магистер на економски науки од област Бизнис менаџмент<br>Master of Economics in the field of business management)<br>- решение бр. 08-130/6 од 06.06.2022<br>Деловна економија, насока Маркетинг<br>(Магистер на економски науки од област Маркетинг<br>Master of Economics in the field of marketing)<br>- решение бр. 08-150/7 од 15.11.2022<br>Деловна економија, насока Финансии и банкарство<br>(Магистер на економски науки од област Финансии и банкарство<br>Master of Economics in the field of finance and banking)<br>- решение бр. 08-146/7 од 12.07.2022<br>Спортски менаџмент<br>(Магистер од областа на спортскиот менаџмент |

| | |
|---|---|
| | Master in the field of sport management)<br>- решение бр. 08-135/6 од 06.06.2022<br><br>Факултет за информатика<br>прв циклус на академски студии<br>Компјутерски науки<br>(Дипломиран инженер по информатика – компјутерски науки<br>Bachelor of Science - Computer Science)<br>- решение бр. 08-159/7 од 05.08.2022<br>втор циклус на академски студии – постдипломски студии<br>Компјутерски науки<br>(Магистер по информатика<br>Master of Infirmatics)<br>- решение бр. 08-158/7 од 05.08.2022<br><br>Факултет за правни и политички науки<br>прв циклус академски студии<br>Политички науки<br>(Дипломиран политиколог<br>Bachelor in political science)<br>- решение бр. 08-138/9 од 09.09.2022<br>Правни студии<br>(Дипломиран правник<br>Bachelor of Laws (LLB))<br>- решение бр. 08-139/9 од 09.09.2022<br>втор циклус стручни студии – специјалистички<br>Политички науки<br>(Специјалист по политички науки)<br>- решение бр. 1409-231/10 од 16.12.2020<br>Деловно право (Специјалист од областа на деловно право)<br>- решение бр. 1409-228/9 од 21.12.2020<br>Граѓанско право (Специјалист од областа на граѓанско право)<br>- решение бр. 1409-226/13 од 21.12.2020<br>Казнено право<br>- решение бр. 1409-227/12 од 23.09.2020<br>втор циклус на академски студии – постдипломски студии<br>Политички науки<br>(Магистер по политички науки<br>Master of political science)<br>- решение бр. 08-136/6 од 06.06.2022<br>Деловно право (Магистер по правни науки од областа на деловното право)<br>- решение 1409-229/10 од 21.12.2020<br>Граѓанско право (Магистер по правни науки од областа на граѓанското право)<br>-решение бр. 1409-226/12 од 21.12.2020<br>Казнено право (Магистер по правни науки од областа на казненото право)<br>- решение бр. 1409-227/13 од 23.09.2020<br>Напредни последипломски студии за интеграции во Европска унија (заеднички последипломски студии во соработка со Меѓународниот центар за Европско образование – МЦЕО, Ница)<br>- решение 1409-306/6 од 26.01.2021<br><br>Факултет за дизајн и мултимедија<br>прв циклус академски студии<br>Графички дизајн<br>(Дипломиран графички дизајнер |

| | |
|---|---|
| | Bachelor of graphic design)<br>- решение бр. 08-152/6 од 06.06.2022<br>Мултимедија<br>(Дипломиран мултимедијален дизајнер<br>Bachelor of multimedia design)<br>- решение бр. 08-140/7 од 21.10.2022<br>Моден дизајн<br>(Дипломиран моден дизајнер<br>Bachelor of fashion design)<br>- решение бр. 08-143/7 од 05.08.2022<br>втор циклус на стручни студии<br>Графички дизајн<br>(Специјалист графички дизајнер<br>Specialist (Spec.) graphic designer)<br>- решение бр. 08-154/6 од 06.06.2022<br>Мултимедија<br>(Специјалист мултимедија дизајнер<br>Specialist (Spec.) multimedia designer)<br>- решение бр. 08-147/7 од 05.08.2022<br>Моден дизајн<br>(Специјалист моден дизајнер<br>Specialist (Spec.) fashion designer)<br>- решение бр. 08-145/4 од 25.07.2022<br>Дизајн на архитектонски простор<br>(Специјалист дизајнер на архитектонски простор<br>Specialist (Spec.) designer of architectural space)<br>- решение бр. 08-157/7 од 05.08.2022<br>втор циклус на академски студии - постдипломски студии<br>Графички дизајн<br>(Магистер на уметности од областа графички дизајн<br>Master of Arts (MA) in the field of graphic design)<br>- решение бр. 08-153/6 од 06.06.2022<br>Мултимедија<br>(Магистер на уметности од областа мултимедија<br>Master of Arts (MA) in the field of multimedia)<br>- решение бр. 08-141/7 од 05.08.2022<br>Моден дизајн<br>(Магистер на уметности од областа моден дизајн<br>Master of Arts (MA) in the field of fashion design)<br>- решение бр. 08-144/7 од 05.08.2022<br>Дизајн на архитектонски простор<br>(Магистер на уметности од областа Дизајн на архитектонски простор<br>Master of Arts (MA) of architectural space design)<br>- решение бр. 08-156/7 од 05.08.2022<br><br>Факултет за детективи и безбедност<br>прв циклус академски студии<br>Криминалистика<br>(Дипломиран криминалист<br>Bachelor of criminalistics)<br>- решение бр. 08-128/6 од 06.06.2022<br>втор циклус стручни студии - специјалистички<br>Криминалистика<br>(Специјалист по криминалистика<br>Specialist for criminalistics)<br>- решение бр. 08-127/8 од 21.10.2022<br>втор циклус академски студии – постдипломски студии<br>Безбедност |

| | |
|---|---|
| | (Магистер на безбедносни науки<br>Master of Security Sciences)<br>- решение бр. 08-129/6 од 06.06.2022 |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | Вкупно: 53<br>Редовни професори - 24<br>Вонредни професори - 16<br>Доценти – 9<br>Асистенти – 2<br>Виш лектор - 2 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Во академската 2023/24, во зимскиот семестар, запишани се следниов број на студенти:<br>прв циклус академски студии: 850<br>Архитектонски факултет 37<br>Факултет за детективи и безбедност 145<br>Факултет за дизајн и мултимедија 224<br>Факултет за економски науки 230<br>Факултет за информатика 102<br>Факултет за правни и политички науки 83<br>Факултет за спортски менаџмент 17<br>Факултет за странски јазици 12<br>втор циклус стручни/специјалистички студии: 75<br>Факултет за детективи и безбедност 13<br>Факултет за дизајн и мултимедија 5<br>Факултет за економски науки 9<br>Факултет за информатика 1<br>Факултет за правни и политички науки 47<br>втор циклус академски/магистерски студии: 49<br>Факултет за детективи и безбедност 7<br>Факултет за дизајн и мултимедија 6<br>Факултет за економски науки 9<br>Факултет за информатика 3<br>Факултет за правни и политички науки 24<br><br>Вкупно студенти кои запишале зимски семестар во академската 2023/24 на двата циклуса студии: 974 |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Американскиот универзитет на Европа - ФОН, индиректно произлезе од првата приватна високообразовна институција, односно од Факултетот за општествени науки (акредитиран со Решение бр.12 од 22.04.2003 година од Одборот за акредитација, а почна со работа со Решение бр. 12- 8244/3 од 29.12. 2003 година на Министерството за образование и наука). Во него функционираа: економска насока, правна насока и дипломатија и меѓународна политика. Овој факултет по добиената акредитација од Одборот за акредитација со Решение бр. од 03. 06. 2005 година како и со Решение бр. 12 - 3722/1 од 21.04.2006 година од Министерството за образование и наука, прерасна во Европски универзитет со пет факултети: Факултет за економски науки, Факултет за правни и политички науки, Факултет за обезбедување имоти и лица, Факултет за применети странски јазици и Факултет за информатика, Со Решение од 30. 03. 2007 година од Одборот за акредитација за бришење на Европскиот универзитет, тој се подели на: Прв приватен универзитет - ФОН и Прв приватен Европски универзитет. Првиот приватен универзитет ФОН Скопје е запишан во регистерот на високообразовни установи на Република Македонија под број 10 од 26. 03. 2007 година. На Универзитетот - |

| | |
|---|---|
| | ФОН продолжија да функционираат Факултетот за правни науки, Факултетот за политички науки и меѓународни односи кој подоцна е применуван во Факултет за политички науки, дипломатија и новинарство, а потоа во Факултет за политички науки и дипломатија (кој во 2019 година е споен со Факултетот за правни науки и оттогаш функционира како Факултет за правни и политички науки) и Факултетот за применети странски јазици. Според тоа, Универзитетот ФОН е еден од двата директни правни наследници на правата и обврските на дотогаш постоечкиот Европски универзитет. Подоцна беа акредитирани и Факултетот за детективи и безбедност (2007), Факултетот за економски науки (2007), Факултетот за информатичко-комуникациски технологии (2007), Факултетот за спорт и спортски менаџмент (2007), подоцна преименуван како Факултет за спортски менаџмент (2009), Факултетот за дизајн и мултимедија (2008) и Факултетот за архитектура (2011).<br>Следејќи ги светските трендови во високото образование, а со цел да се прилагоди на интересот, потребите и барањата на студентите, во 2020 година универзитетот се ребрендира и се преименува во Американски универзитет на Европа-ФОН. Универзитетот постојано инвестира во својот раст и унапредување, затоа што сме свесни дека инвестициите во образованието ги покренуваат иновациите, креираат нови вредности и преставуваат клучна алатка за трансформација. Па така, со континуираните инвестиции денес Американскиот универзитет на Европа-ФОН поставувува светски стандарди и услови за академски развој на секој поединец, ја стимулира конкуренцијата и придонесува за обликување на берзата на трудот. Како водечка високообразовна институција во приватното образование, Американскиот универзитет на Европа - ФОН, во својот состав има факултети кои вршат наставна високообразовна дејност на прв и втор циклус на студии. Дополнително, Универзитетот ги спојува знаењето и искуството, истражувањето и практиката, мултидисциплинарниот пристап кој што го применуваме има стратешка улога во пресретнување на потребите на претприемништвото и за приспособување на студентите со промените со кои светот се соочува денес. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | Наставната и научно-истражувачка дејност на Американскиот универзитет на Европа – ФОН се изведува на простор од 4427,3 м2 со 1451 места за седење.<br><br>Примена на информатички технологии:<br>- Достапен интеренет со WLAN и Wi-Fi Можност за приклучување на сопствени компјутери на студентите, истовремено, на информатичка мрежа во зградата, во лаборатории – 50 позиции.<br>- Сите предавални и амфитеатри се опремени со клупи и места за седење, видео прожектори и табли. Компјутери 64 Видеопрожектори 20 Интерактивни дисплеи (75”): 5 Принтери 10,1 Network Access Storage за споделени презентации и наставни материјали.<br>- За електронските сервиси, WEB апликацијата за внесување на Оценки за Студентите и електронскиот индекс на АУЕ-ФОН Универзитет наменети се два сервери од брендот „Dell“ со следните перформанси: 1. Processor: Quad-core or sixcore Intel® Xeon® processor 5500 series 2. Chipset Intel 5520 3. Memory1 (18 DIMM slots): 16GB DDR3 to 1333MHz 4. I/O slots 4 PCIe G2 slots 5. Hard drives 3.5” SAS (15K, 10K), nearline SAS ОБ.1 (7.2K) 146GB, SATA (7.2K) 2TB 6. Power supply Two hot -plug, high - efficient 570W power supplies<br>- Дополнително во врска со другите сервиси како што се системот за електронското Учење, WEB страната на АУЕ-ФОН Универзитет, DNS сервисите и Data хостингот се наменети уште два сервери од |

| | |
|---|---|
| | брендот „Dell“ со следните перформанси: 1. Processor: Quad -core or six - core Intel® Xeon® processor 5500 series 2. Chipset Intel 5520 3. Memory1 (18 DIMM slots): 32GB DDR3 to 1333MHz 4. I/O slots 4 PCIe G2 slots 5. Hard drives 3.5” SAS (15K, 10K), nearline SAS (7.2K) 146GB, SATA (7.2K) 4TB 6. Power supply Two hot -plug, high - efficient 570W power supplies. На овие Сервери имплементирана е Виртуализација преку Hyper -V платформата од Microsoft и инсталирани се повеќе од 10 - Hyper -V виртуелни сервери за кои е поставена активна Репликација на истите.<br>- Софтверското решение кое е имплементирано за потребите на службата за Студентски прашања е соодветно димензионирано софтверско решение кое е базирано на .Net платформата изработено како WEB апликација која ги опфаќа сите неопходни функционалности и можности за електронскиот индекс на студентите.<br>- WEB апликација е правена според сите безбедносни стандарди кој се имплементирани за безбедност на софтверот, односно го користи https:// протоколот. Нашиот Универзитет беше учесник во IKnow TEMPUS проектот врз основа на кој имплементиравме решение кој ги опфаќа следните функционалности: 1. (SCH) Модул за студиските програми и планови: Дефинирање на студентски програми, курсеви, услови и правила за студии; 2. (SAM) Модул за студентски активности: Упис во еден семестар и избор на курсеви, формирање групи; 3. (ADM) Модул за администрацијата: Администрација на факултети и акредитирани студиски програми, администрација на членови на факултет, администрација на училници, соби и лаборатории; 4. (ACR) Модул за администрација на академски резултати: Администрација на предмети, завршување на семестри, администрација на остварени ЕКТС кредити и оценки од положени испити;<br>- Направен е фолдер на OneDrive и додадени се сите професори за споделување на материјали за учење https://fonmk-my.sharepoint.com/:f:/g/personal/e_learning_fon_edu_mk/Eg2ts7X1vRdKhAgP-ftpwCYB_8nskjcp9ZFKMaO3QEFlgw?e=yusXrF<br>- Направен е систем за електронска форма за поднесување приговори, пофалби и предлози, како и за пријава на корупција и други неетички практики и истотака (studentskiglas@fon.edu.mk, poplaki@fon.edu.mk и pofalbi@fon.edu.mk)<br>- Креирана веб форма за за апликација на кампање за упис и финансиска поддршка<br>- Креирана веб форма за регистрација и пријавување на алумни.<br>- дигитализацијата на процесот на самоевалуација, кој опфаќа пополнување на анкетни прашалници од страна на студентите, за квалитетот на наставата, по наставен предмет на крајот на секој семестар<br>- дигитализацијата на процесот за евиденција на наставата и извештаи. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Во изминатиот период, Американскиот Универзитет на Европа – ФОН оствари значаен напредок во повеќе области кои се од суштинско значење за обезбедување на квалитетно високо образование, усогласено со националните и европските стандарди.<br>Во однос на стандард 2 во извештајниот период акредитирани се повеќе од триесет студиски програми на додипломски, специјалистички и магистерски студии. Програмите се дизајнирани врз основа на систематско следење на актуелните општествени и пазарни потреби, технолошките иновации и глобалните трендови во високото образование. Со тоа, Универзитетот обезбедува |

| | |
|---|---|
| | современо, применливо и интердисциплинарно знаење, насочено кон развој на компетентни и конкурентни кадри за националниот и меѓународниот пазар на труд.<br>Во однос на стандард 5, во рамките на наставно-научниот кадар е остварен континуиран напредок во научноистражувачката дејност, со зголемен број трудови објавени во меѓународни рецензирани списанија индексирани во релевантни бази на податоци (Scopus, Web of Science, Ebsco и др.). Кадарот активно учествува во национални и меѓународни проекти, научни и професионални настани, како и во културни и креативни иницијативи. Дополнително, реализиран е напредок во изборот во повисоки наставни и научни звања, што придонесува за унапредување на наставниот и истражувачкиот процес.<br>Во однос на стандард 6, Универзитетот инвестира во модернизација на наставниот процес преку обезбедување на современи технички помагала (видеопроектори, интерактивни дисплеи и специјализирана дигитална опрема). Развиен е и интегриран електронски систем е-FON, кој овозможува ефикасно водење на студентската евиденција, електронска пријава на испити, пристап до наставни материјали, комуникација со наставниот кадар и увид во академскиот напредок. Посебно внимание се посветува на индивидуалната поддршка на студентите, вклучувајќи мерки за инклузија на студенти со попреченост, како и нивно активно учество во органите на управување.<br>Во однос на стандард 8, Универзитетот обезбедува транспарентност и навремено информирање на јавноста преку современо уредена веб-страница, ажурирани електронски сервиси и активно присуство на релевантни социјални медиуми. Паралелно, систематски се прибираат, обработуваат и анализираат податоци релевантни за реализацијата на студиските програми и академските активности, со цел континуирано унапредување на квалитетот на високото образование.<br>Со наведените резултати, Американскиот Универзитет на Европа – ФОН потврдува дека континуирано ја зајакнува својата институционална изграденост, академска изведба и меѓународна препознатливост, позиционирајќи се како современа и конкурентна високообразовна институција. |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Во изминатиот период, Американскиот Универзитет на Европа – ФОН се соочува со повеќе структурни и системски предизвици кои ја отежнуваат целосната реализација на институционалната мисија и визија.<br>- Неповолните демографски трендови, намалувањето на бројот на матуранти и миграцијата на младите луѓе значително влијаат на уписната политика. Дополнителен предизвик претставува засилената промоција на странските универзитети кои активно привлекуваат македонски студенти.<br><br>- Приватните универзитети се недоволно вклучени во креирањето на националните образовни политики и законодавни иницијативи. Истовремено, постојат сериозни разлики во третманот на државните и приватните институции, при што приватните универзитети немаат пристап до државни фондови за финансирање на науката и истражувањата.<br><br>- Честите промени во наставниот кадар ја намалуваат стабилноста на наставниот процес. Недоволен е бројот на професори со висока продуктивност во меѓународни научни списанија, а воедно |

| | |
|---|---|
| | изостанува стимулирање и поддршка за истражувачка работа. Ниска е и вклученоста на студентите во истражувачки и проектни активности.<br><br>- Иако Универзитетот има склучено бројни меѓународни договори, нивната практична искористеност за мобилност, заеднички истражувања или франшизни програми е ограничена. Недоволен е и бројот на гостувања од странски предавачи, како и развиеноста на програми за професионално и доживотно образование.<br><br>- Универзитетската библиотека располага со ограничен фонд на понови библиографски единици и релативно мал број научни списанија. Во дел од факултетите постои и недостиг на соодветна специјализирана инфраструктура (на пр. спортски објекти).<br><br>- Соработката со стопанството и граѓанскиот сектор е недоволно развиена, што ја ограничува примената на знаењето и можностите за заеднички истражувања и практична настава. Дополнителна пречка е ограничената отвореност на приватниот сектор кон универзитетите и неповолниот развој на националната економија, што ги намалува шансите за вработување на дипломираните студенти. |

СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| Американскиот универзитет на Европа – ФОН континуирано презема активности за обезбедување и унапредување на квалитетот на наставниот, научно-истражувачкиот и апликативниот процес.<br>Со одлука на Ректорската управа, бр. 08-464/3 од 15.03.2022 формирана е Комисија за развој и имплементација на политика за квалитет (Прилог 1.1.А)<br>Политиката за квалитет се регулира согласно Правилникот за обезбедување на квалитет(Прилог 1.1.Б), Политиката за обезбедување на квалитет (Прилог 1.1.В) и Стратегијата за обезбедување на квалитет (Прилог 1.1.Г) на Универзитетот, изготвени од страна на Комисијата за развој и имплементација на политика за квалитет и усвоени со одлука на Сенатот. Во овие документи се утврдени целите, намената, принципите, мерките и активностите, како и структурата и делувањето на системот за обезбедување квалитет на Американскиот универзитет на Европа - ФОН. Овие три документи се јавно достапни на веб страната на Универзитетот (линк).<br>Квалитетот се следи и преку редовни студентски анкети, кои се спроведуваат на крајот на секој семестар, и кои обезбедуваат вредни информации за наставниот процес. Резултатите од анкетите се користат за континуирано унапредување на наставата и понатамошна ревизија на студиските програми.<br>Исто така, квалитетот се следи и преку Извештајот за ректорот за работата на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, кој содржи значајни информации за активностите во различните сфери на делување на високообразовната институција. Извештајот се разгледува и усвојува од страна на Сенатот. (Прилог 1.1.Д и Прилог 1.1.Ѓ).<br>Универзитетот исто така го евалуира квалитетот преку спроведување на процесот на самоевалуација во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Прилог 1.1.Е).<br>Сите овие процеси придонесуваат за транспарентност, отчетност и континуирано унапредување на квалитетот на академската и институционалната дејност на АУЕ - ФОН. | |
| Прилози<br>Прилог 1.1.А Одлука за Комисија за развој и имплементација на политика за квалитет<br>Прилог 1.1.Б Правилник за обезбедување на квалитет<br>Прилог 1.1.В Политиката за обезбедување на квалитет<br>Прилог 1.1.Г Стратегијата за обезбедување на квалитет<br>Прилог 1.1.Д Извештај на ректорот за работата на АУЕ - ФОН за периодот од јан 2022 до дек 2023 (линк до веб)<br>Прилог 1.1.Ѓ Извештај на ректорот за работата на АУЕ - ФОН за периодот јан 2024 до јан 2025 (линк до веб)<br>Прилог 1.1.Е Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација | |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

| | |
|---|---|
| Американскиот Универзитет на Европа – ФОН активно ги вклучува студентите во процесот на проценка и подобрување на квалитетот на наставниот процес. Процесот на анкетирање на студентите се реализира двапати годишно, односно на крајот на зимскиот и на крајот на летниот семестар, преку стандардизиран анкетен прашалник за сите задолжителни и изборни предмети од тековниот семестар. Анкетниот прашалник е даден во Прилог 1.2.А.<br>Анкетата ја спроведуваат Комисиите за самоевалуација на факултетите, а таа и се однесува на квалитетот на наставата и работата на наставниот кадар кој реализира настава во соодветниот семестар – како редовни вработени така и ангажирани наставници од други единици на Универзитетот. Оценувањето е на скала од 1 (незадоволително) до 5 (одлично), со можност за одговор „не знам“. По завршувањето на анкетирањето, Комисиите ги анализираат податоците преку просечни оценки по наставник и по прашање, како и збирни показатели за вкупниот наставен кадар по семестри.<br>Во зимскиот семестар 2022/23 и летниот семестар 2023/24 анкетните прашалници беа спроведени во материјална форма, а во летниот семестар 2022/23 и зимскиот семестар 2023/24, анкетите беа спроведени онлајн, преку студентскиот портал на АУЕ ФОН, при што пополнувањето на прашалникот беше задолжително. Дигитализацијата на анкетниот процес значајно го зголеми бројот на одговорени анкети, а и анализата на резултатите е поефикасна. Се очекува следните анкети да се спроведуваат дигитално.<br>Просечната оценка по сите анкетни прашања од сите факултети на АУЕ - ФОН за 2022/23 е 4,7, а за 2023/24 е 4,69.<br>Оцена по прашање за 2022/23: 4,69 - Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата, 4,76 - Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето, 4,42 - Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен, 4,73 - Постои интерактивност и можност за вклучување на студентите во наставата, 4,69 - Наставникот/соработникот е достапен во определените термини за консултации, 4,72 - Литературата/материјалот за учење и подготовка на колоквиумите/испитите навремено е достапна, 4,71 - Поставените прашања на колоквиумите/испитите се соодветни со понудениот материјал за подготовка на колоквиумите/испитите, 4,73 - Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите.<br>Оцена по прашање за 2023/24: 4,64 - Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата, 4,67 - Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето, 4,69 - Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен, 4,72 - Постои интерактивност и можност за вклучување на студентите во наставата, 4,69 - Наставникот/соработникот е достапен во определените термини за консултации, 4,74 - Литературата/материјалот за учење и подготовка на колоквиумите/испитите навремено е достапна, 4,71 - Поставените прашања на колоквиумите/испитите се соодветни со понудениот материјал за подготовка на колоквиумите/испитите, 4,66 - Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите.<br>Резултатите од спроведените студентски анкети на ниво на Универзитет се дадени во Прилог 1.2.Б за академската 2022/23 и Прилог 1.2.В за академската 2023/24.<br>Анализите од овие две академски години покажуваат дека просечната оцена на наставниот кадар е стабилно висока – секогаш над 4,00 за сите аспекти. Највисоки вредности се забележани во областите на коректност на наставниците, достапност за консултации и јасност во предавањата. Истовремено, евидентирани се и повратни информации од студентите преку отворени прашања, најчесто со пофалби, а ретко и со предлози за подобрување.<br>Анкетата се спроведува согласно Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитет на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, усвоено со одлука на Сенатот. (Прилог 1.2.Г) | |
| Прилози<br>Прилог 1.2.А Содржина на анкетен прашалник<br>Прилог 1.2.Б Резултати од студентска анкета АУЕ ФОН 2022_23<br>Прилог 1.2.В Резултати од студентска анкета АУЕ ФОН 2023_24<br>Прилог 1.2.Г Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (линк до веб) | |
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување квалитет. |

Управата на Американскиот универзитет на Европа – ФОН континуирано работи на унапредување на квалитетот на високото образование, поставувајќи го студентот во центарот на образовниот процес. Универзитетот ги следи современите академски текови и практики на реномирани светски институции и истовремено ги прилагодува студиските програми според потребите на општеството и пазарот на трудот. Сите студиски програми се акредитирани и усогласени со важечките законски прописи на Република Северна Македонија, а постапката за акредитација на студиските програми се спроведува редовно на секои пет години.
Во рамките на редовниот процес на самоевалуација, Универзитетот ги идентификува силните страни, слабостите, можностите и заканите, со цел да се формулираат реални и применливи препораки за подобрување на институционалниот квалитет. (Прилог 1.3.А и Прилог 1.3.Б) Студентите се активно вклучени во процесот на оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес преку анонимни анкети кои се спроведуваат од 2007 година наваму. Резултатите од анкетите претставуваат важен индикатор за континуирано подобрување на наставата, пристапот на наставниот кадар и развојот на програмите. Управата посветено работи на реализација на овие препораки, придонесувајќи за континуирано подобрување на севкупното академско и административно работење.
Универзитетот активно го негува концептот на отворена и достапна комуникација. Менаџментот, ректорската управа, наставниот и административниот кадар се достапни за студентите секој работен ден во просториите на Универзитетот, како и преку електронска пошта и разни платформи за комуникација (Microsoft Teams, Viber итн). Оваа постојана комуникација овозможува навремено препознавање и надминување на предизвиците поврзани со наставата и академскиот развој на студентите.
Американскиот универзитет на Европа – ФОН поттикнува и обезбедува системска вклученост на претставници на јавниот и приватниот сектор, работодавци и институции – во процесите на креирање, ревизија и унапредување на студиските програми. На секој од факултетите се формирани Одбори за соработка и доверба со јавноста, во кој членуваат релевантни чинители од различни општествени и професионални сфери. Преку нив Универзитетот обезбедува мислења и предлози за усогласеност на студиските програми со реалните потреби на општеството и пазарот на трудот. Овој модел на партнерство претставува значајна поддршка во процесот на акредитација и реакредитација на студиските програми и го зајакнува квалитетот на високото образование кое го нуди Универзитетот. (Прилог 1.3.В)

Прилози:
Прилог 1.3.А Извештај за самоевалуација на АУЕ ФОН 2020_21 (линк до веб)
Прилог 1.3.Б Извештај за самоевалуација на АУЕ ФОН 2021/22 до 2023/24 (линк до веб)
Прилог 1.3.В Одлуки за формирање на Одбори за соработка и доверба со јавноста на Факултетите при АУЕ - ФОН

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Во рамките на Американскиот универзитет на Европа – ФОН делува Комисијата за развој и имплементација на политика за квалитет. Во Прилог 1.4.А е дадена Одлуката за формирање на Комисијата.
Комисијата како главна активност ја имаше подготовката на Правилникот, политиката и стратегијата за квалитет, кои беа усвоени на Сенатот на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (Прилози 1.1.Б – 1.1.Г).
Во рамките на Универзитетот континуирано функционираат Комисиите за самоевалуација на секој од факултетите, како и Комисијата за самоевалуација на Универзитетот. Факултетските комисии годишно го известуваат Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за резултатите од спроведените анкети со студентите, а се изготвуваат целосни извештаи за состојбите и спроведените политики за обезбедување на квалитет во интервал од не подолг од три години, на факултетско и на универзитетско ниво. Одлуката за избор на членови на Комисијата за самоевалуација на АУЕ - ФОН е дадена во прилог 1.4.Б.

Прилози:
Прилог 1.4.А Одлука за формирање на комисија за развој и имплементација на политика за квалитет
Прилог 1.4.Б Одлука за избор на членови во Комисија за самоевалуација на Американскиот универзитет на Европа – ФОН 2022
Прилог 1.4.В Одлука за избор на членови во Комисија за самоевалуација на Американскиот универзитет на Европа – ФОН
Прилог 1.4.Г Записник од 1 седница на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот
Прилог 1.4.Д Записник од 2 седница на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот
Прилог 1.4.Ѓ Записник од 3 седница на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот
Прилог 1.4.Е Записник од 4 седница на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот
Прилог 1.4.Ж Записник од 5 седница на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот
Прилог 1.4.З Записник од 6 седница на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот
Прилог 1.4.Ѕ Записник од 7 седница на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот
Прилог 1.4.И Записник од 8 седница на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот
Прилог 1.4.Ј Записник од продолжение на 8 седница на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години; Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите; Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Американскиот универзитет на Европа – ФОН редовно го спроведува процесот на самоевалуација како суштински механизам за проценка и унапредување на квалитетот на наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес на првиот и вториот циклус на студии. Основна цел на самоевалуацијата е преку критичка анализа на сите клучни компоненти – студиски програми, наставен и соработнички кадар, студентска поддршка, научна дејност, просторни и технички ресурси, логистика, меѓународна соработка и финансии – да се идентификуваат силните и слабите страни на институционалното работење и да се предложат конкретни мерки за унапредување.
Резултатите од анкетите што студентите редовно ги пополнуваат на крајот од секој семестар се обработуваат и доставуваат до наставниот кадар, а се користат и како дел од основата за самоевалуациските извештаи.
Извештаите за самоевалуација, на сите факултети и на универзитетот збирно, се изготвуваат на секои три години. Извештаите завршуваат со конкретни препораки и корективни мерки за: студиските програми, наставничкиот и соработнички кадар, наставно-образовната дејност, студентите, научно-истражувачката дејност, надворешната соработка, финансирањето и односите со јавноста.
Извештајот за самоевалуација на Американскиот универзитет на Европа – ФОН за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/2024 година е даден во Прилог 1.5.А, за академската 2020/2021 во Прилог 1.5.Б.
Сите извештаи за самоевалуација се јавно достапни и се објавуваат на официјалната веб-страна на Универзитетот (линк, линк)

Прлиози
Прилог 1.5.А Извештај за самоевалуација на Американскиот универзитет на Европа – ФОН за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/2024
Прилог 1.5.Б Извештај за самоевалуација на Американскиот универзитет на Европа – ФОН за академската 2020/21
Прилог 1.5.В линк до Извештај за самоевалуација на Американскиот универзитет на Европа – ФОН за академските 2021/22, 2022/23 и 2023/2024
Прилог 1.5.Г линк до Извештај за самоевалуација на Американскиот универзитет на Европа – ФОН за академската 2020/21

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораки- те од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период Акциски план<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Досега не е спроведена надворешна евалуација.

Прилози
/

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Основната дејност на Американскиот универзитет на Европа – ФОН е наставно-образовната дејност во високото образование. Универзитетот е посветен на креирање и унапредување на студиските програми од прв и втор циклус на студии, следејќи ги современите предизвици, професионални трендови и очекувањата од пазарот на труд – како на национално, така и на меѓународно ниво. Програмите се развиваат со акцент на практичната применливост на знаењата и вештините што студентите ги стекнуваат во текот на студирањето.<br>Сите студиски програми на Универзитетот се акредитирани и усогласени со важечките законски прописи на Република Северна Македонија. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми се реализира согласно: член 145 од Законот за високото образование (Прилог 2.1.А)<br>Правилникот за задолжителните компоненти на студиските програми од прв и втор циклус (Прилог 2.1.Б), Упатствата, актите и обрасците на Одборот за акредитација при Агенцијата за квалитет во високото образование, кои го регулираат поднесувањето и оформувањето на елаборатите за акредитација (Прилози 2.1.В).<br>Акредитацијата на студиските програми се врши редовно на секои пет години, при што постапката за изработка на нов елаборат започнува една година пред истекот на тековната акредитација. Овој пристап овозможува континуитет, правовремена усогласеност со нормативите и динамично прилагодување на програмите кон реалните потреби на студентите, академската заедница и стопанството. | |
| Прилози<br>Прилог 2.1.А Закон за високото образование (Службен Весник на РСМ бр. 82/18) (линк до веб)<br>Прилог 2.1.Б Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) (линк до веб)<br>Прилог 2.1.В Формулари и обрасци на Одборот за акредитација во високото образование (линк) | |
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Американскиот универзитет на Европа – ФОН организира студии од прв и втор циклус на високо образование, согласно современите академски и професионални стандарди. Во текот на изминатите пет години, на Универзитетот се реализираат акредитирани додипломски (прв циклус) и постдипломски (втор циклус) студии – академски и стручни, во согласност со потребите на студентите и пазарот на трудот. Студиските програми се редовно ажурирани и прилагодени на современите предизвици и професионални насоки во различни области на факултетите.

Студиските програми се подготвени според сите услови предвидени во Законот за високо образование (член 140) и упатствата на Одборот за акредитација во високото образование при Агенцијата за квалитет во високото образование. Содржината на секој од наставните предмети е јасно дефинирана, и ги опфаќа целите, содржината, методите на учење, критериумите за оцена и оптеретувањето во часови за совладување на предметот, заедно со задолжителна и дополнителна литература.

Елаборатите ги содржат сите предметни програми, односно силабуси.

Елаборатите ги содржат и описите на утврдените исходи од образовниот процес за секоја студиска програма одделно. Во делот на општите и специфичните дескриптори се опишани квалификациите од студиските програми општо, а во силабусите се опишани целите на секој предмет одделно.

Прилози

Прилог 2.2. Елаборати на сите акредитирани студиски програми кои се изведувале во последните пет години

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развој-<br>ните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Американскиот универзитет на Европа – ФОН ги развива и имплементира своите студиски програми врз основа на континуирано следење и анализа на актуелните потреби на општеството, економијата, институциите и глобалните трендови. Програмите се насочени кон подготовка на кадри кои ќе бидат компетентни, иновативни и прилагодени на современите предизвици, преку интеграција на теоретски знаења и практични вештини. Тие се усогласени со програмите на водечки меѓународни универзитети и постојано се ажурираат за да одговорат на новите технологии, процеси на дигитализација и потреби од пазарот на трудот.

Сите студиски програми се дизајнирани со јасно дефинирани цели, очекувани резултати од учењето и професионални компетенции, што овозможува студентите успешно да се интегрираат во јавниот и приватниот сектор. Посебно внимание се посветува на практичната примена на знаењата, преку студии на случај, работа на реални проекти и учество во јавни настани и изложби, со што студентите стекнуваат вештини применливи во реална работна средина.

Во согласност со член 122 од Законот за високо образование (Прилог 2.3.А), на Факултетите при Универзитетот се основани Одбори за соработка и доверба со јавноста (Прилог 2.3.Б), во кој членуваат релевантни претставници од деловната, институционалната и професионалната заедница. Одборот има улога во процесите на акредитација и реакредитација на студиските програми, давајќи мислење за нивната адекватност, применливост и усогласеност со развојните потреби на општеството и економијата.

Сите студиски програми од прв и втор циклус, акредитирани од академската 2022/2023 година, имаат добиено позитивно мислење од страна на Одборот за соработка и доверба со јавноста, поставени во засебните Елаборати за секоја студиска програма на универзитетот.

Прилози:

Прилог 2.3.А Закон за високото образование (Службен Весник на РСМ бр. 82/18) (линк до веб)

Прилог 2.3.Б Одлуки за формирање на Одбори за соработка и доверба со јавноста на Факултетите при АУЕ – ФОН

Елаборати на студиските програми се дадени во прилог 2.2.

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/реви- дираат во соработка со студентите и другите ре- левантни носители на интереси (деловна заед- ница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а про- грамата се прилагодува со цел да се избегне неј- зино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

| |
|---|
| Американскиот универзитет на Европа – ФОН е посветен на постојано унапредување на студиските програми од прв и втор циклус, со цел обезбедување образование кое е релевантно, применливо и усогласено со динамичните трендови во општеството, технологијата и пазарот на трудот. Процесот на изготвување, ревизија и подобрување на студиските програми се реализира низ континуирана соработка со студентите, алумните, работодавачите, релевантни институции, деловната заедница и експерти од соодветните области, како и преку споредба со студиски програми на реномирани странски универзитети. При процесот на (ре)акредитација на студиските програми, наставниот кадар прави анализа и осовременување на наставните содржини и компетенциите што студентите ги стекнуваат. Важен аспект на овој процес е вклучувањето на студентите, кои преку директна комуникација со наставниот кадар и анкетните прашања, даваат вредни предлози за подобрување на наставата. Студентите се вклучени и во универзитетските и факултетските тела преку свои претставници од Студентското собрание. Прилог 2.4.А Учество на студенти во телата на факултетите и универзитетот<br>Значајна е и комуникацијата со алумните за нивната вработеност, степен на задоволство и искуства на применливоста на стекнатите знаења и вештини во професионалната пракса. Овие информации се предмет на анализа и се користат како основа за адаптација и осовременување на наставните содржини, методологијата на работа и очекуваните резултати од учењето.<br>Дополнително, Универзитетот има развиено широка мрежа на соработка со компании, институции и организации од релевантните сектори, што овозможува студентите да се вклучат во практични проекти, стажирања, натпревари и други активности, со што се поттикнува интеграција на најновите технологии и иновации во наставата. Листата на компании и институции со кои Универзитетот има потпишано меморандуми за соработка во периодот од 2018 се дадени во Прилог 2.4.Б.<br>Ваквиот инклузивен и динамичен пристап овозможува студиските програми на Американскиот универзитет на Европа – ФОН да бидат во постојан процес на осовременување и прилагодување, со крајна цел – создавање конкурентни, иновативни и општествено одговорни кадри кои успешно ќе одговорат на барањата на националниот и глобалниот пазар на трудот. |
| Прилози<br>Прилог 2.4.А Учество на студенти во телата на факултетите и универзитетот<br>Прилог 2.4.Б. Листа на компании и институции со кои АУЕ ФОН има соработка |

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогла- сена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

| |
|---|
| Американскиот универзитет на Европа – ФОН континуирано работи на усовршување, модернизација и иновација на своите студиски програми, водејќи се од најдобрите практики на водечките универзитети и европските стандарди во високото образование. Студиските програми од прв и втор циклус се структуирани така што обезбедуваат образование кое е во целост споредливо и конкурентно на меѓународно ниво, и ја зголемува препознатливоста и конкурентноста на студентите на националниот и глобалниот пазар на трудот.<br>Во процесот на креирање и ревизија на програмите, се прави детална анализа и споредба со слични студиски програми на реномирани европски и светски универзитети, а сите програми редовно се ревидираат за да бидат усогласени со најновите трендови, иновации и развојни потреби на индустријата и општеството. Посебно внимание се посветува на интеграцијата на практични содржини, современи методологии и применливи знаења, со цел студентите да стекнат компетенции кои се релевантни и директно применливи во професионалната пракса.<br>Студиските програми се детално опишани во елаборатите приложени во Прилог 2.2. Основната и дополнителна литература за секој предмет се наведени во истите. Во елаборатите на студиските програми, во поглавјето 18, се наведени и слични програми од европските високообразовни институции за секоја од студиските програми засебно.<br>Се организираат и гостински предавања од домашни и странски експерти во рамки на факултетските активности, но и на Универзитетско ниво, со цел да се прошират видиците со што се збогатува академското искуство, се создава силна врска меѓу теоријата и практиксата и се овозможува постојана размена на знаења.<br>Листата на гостински предавања на странски експерти организирани на АУЕ - ФОН во периодот од 2019 до 2014 е даден во Прилог 2.5.А. |
| Прилози<br>Прилог 2.5.А Листа на гостински предавања на странски експерти организирани на АУЕ - ФОН во периодот од 2019 до 2014<br>Прилозите во индикатор 2.2 ги содржат Елаборатите за акредитираните студиски програми со деталните |

| | |
|---|---|
| предметни програми (силабуси) со приказ на основна и дополнителна литратура | |
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на сту- дентот и вклучуваат добро структуирани надво- решни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во устано- вата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Опто- варувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми); Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми; Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |
| На Американскиот универзитет на Европа – ФОН, студиските програми се внимателно структурирани согласно Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), обезбедувајќи оптимално академско оптоварување на студентите. Програмите се дизајнирани така што овозможуваат балансиран распоред помеѓу теоретската настава, практичната работа, тимските проекти и самостојните задачи, со што се создава простор студентите активно да се вклучат и во активности надвор од универзитетот.<br>ЕКТС-системот јасно ги дефинира очекуваните часови за секој предмет и вкупниот фонд на работа за една студиска година (60 кредити, односно 30 кредити по семестар), а деталната распределба на академското оптоварување по предмет е прецизирана во елаборатите на студиските програми. Овој пристап осигурува дека студентите имаат можност за индивидуална и тимска работа, како и за учество во дополнителни академски, професионални и креативни активности надвор од редовните студии.<br>Универзитетот има воспоставен систем за изведување на студентска пракса кој овозможува студентите да стекнат применливо искуство. Праксата е задолжителна секоја академска година. Пред започнувањето на праксата студентот добива документ за упатување на пракса кој е потпишан од деканот, а кој по завршувањето на праксата го доставува до Факултетот - заверен од страна на компанијата, со потпис и печат. Документите се чуваат во досието на студентот. Овој систем осигурува дека нивните активности се вреднувани и признати како суштински дел од нивното образование. Процедурата за изведување на студентска пракса е уредена во Упатството за остварување на практична настава дадено во Прилог 2.6.А.<br>Студентите се охрабруваат да учествуваат во различни надворешни активности, како што се посети на компании, институции и професионални настани, што дополнително ги развива нивните практични вештини, професионални искуства и гради мрежа на контакти. На овој начин, се овозможува интеграција на академското знаење со практичната примена, поттикнувајќи целосен личен и професионален развој на студентите.<br>Во прилог 2.6.Б дадена е листа на компании со кои Универзитетот има потпишано меморандуми за соработка, а во прилог 2.6.В е дадена листата на изведена практична настава и активности на АУЕ – ФОН кои се одвивале надвор од установата. | |
| Прилози<br>Прилог 2.6.А Упатството за остварување на практична настава (линк)<br>Прилог 2.6.Б Листа на компании со кои Универзитетот има потпишано меморандуми за соработка<br>Прилог 2.6.В Практична настава и активности на АУЕ – ФОН кои се одвиваат надвор од установата<br>Прилозите во индикатор 2.2 ги содржат Елаборатите за акредитираните студиски програми со детален опис на оптоварувањето на студентите и ЕКТС по предмет за сите студиски програми | |
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се обја- вени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.2 |

| | |
|---|---|
| Информациите поврзани со студиските програми на Американскиот униварзитет на Европа - ФОН се објавени на веб страната на Универзитетот, на соодветните страници на факултетите кои ја организираат наставата. Сите информации се во согласност со официјалните документи за акредитација на студиските програми. | |
| Прилози:<br>Прилог 2.7.А Линк до веб страната на Факултетот за економски науки - линк<br>Прилог 2.7.Б Линк до веб страната на Факултетот за информатика - линк<br>Прилог 2.7.В Линк до веб страната на Факултетот за правни и политички науки - линк<br>Прилог 2.7.Г Линк до веб страната на Факултетот за дизајн и мултимедија - линк<br>Прилог 2.7.Д Линк до веб страната на Факултетот за детективи и безбедност - линк<br>Прилог 2.7.Д Линк до веб страната на Факултетот за странски јазици - линк<br>Прилог 2.7.Д Линк до веб страната на Факултетот за архитектура - линк<br>Прилог 2.7.Д Линк до веб страната на Факултетот за спортски менаџмент - линк | |
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и пе- риодично ги ревидираат своите студиски програ- ми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или<br>се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Наставата се изведува согласно однапред утврден распоред на часови, кој редовно се објавува на официјалната веб-страна на универзитетот - Прилог 2.8.А (линк). Деканите и останатата управа континуирано го следат наставнообразовниот процес, а воведено е и софтверско решение за евиденција на спроведувањето на наставата, преку кој секој наставник доставува индивидуален извештај за одржаната настава во текот на академската година. Прилог 2.8.Б.<br>Квалитетот на наставниот процес редовно се евалуира преку анонимни анкетни прашалници што студентите ги пополнуваат за секој предмет, во текот на секој семестар. Резултатите од спроведените анкети се обработуваат и се доставуваат до наставниците, со цел идентификување на силните страни и областите за унапредување на наставниот процес. Врз основа на овие резултати, се преземаат соодветни мерки за постојано подобрување на квалитетот на образованието и за постигнување на високите стандарди што ги промовира универзитетот.<br>Студиските програми на Американскиот универзитет на Европа – ФОН се предмет на редовна ревизија и усовршување, со цел да се обезбеди нивна постојана релевантност, квалитет и усогласеност со современите академски и професионални стандарди. Во согласност со Законот за високо образование, реакредитацијата на студиските програми се спроведува на секои пет години, а процесот на подготовка за акредитација започнува една година пред истекот на важечката акредитација. Последната акредитација на студиски програми е направена во 2022 година, при што покрај измените/осовременувањето во структурите на студиските програми, воведено е проширување во областите на изборните предмети, како и воведување на нови студиски програми како: студиската програма Спортски менаџмент на Факултетот за економски науки, студиската програма Дизајн на архитектонски простор за втор циклус на Факултетот за дизајн и мултимедија итн.<br>Информациите за ревидираните или нови студиските програми навремено се објавуваат на веб страната со што сите засегнати страни се информираат редовно. Линковите се дадени во прилозите од индикатор 2.7. | |
| Прилози<br>Прилог 2.8.А Линк до Распореди АУЕ - ФОН<br>Прилог 2.8.Б Извештаи за спроведена настава од професорскиот портал | |

Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |
|---|---|

На Американскиот универзитет на Европа - ФОН се реализирале следниов број на предмети на прв и втор циклус студии (вкупно задолжителни и изборни): 2019/2020 ≈ 614; 2020/21 ≈ 620; 2021/22 ≈ 604; 2022/23 ≈ 553; 2023/24 ≈ 506.
Во Прилог 2.9.А е дадена детална листа на сите предмети изведувани на сите студиски програми на Факултетите во рамките на Американскиот универзитет на Европа - ФОН за студиските години од 2019/20 до 2023/24.

Број на студенти запишани на прв циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН во изминатите пет години: 2019/2020 - 328; 2020/21 - 438; 2021/22 – 242; 2022/23 – 279; 2023/24 – 261.
Упис на втор циклус со завршени 180ЕКТС: 2019/2020 – 153; 2020/21 – 142; 2021/22 – 126; 2022/23 - 78; 2023/24 – 64, и статистика за упис на втор циклус академски/магистерски студии со завршени 240ЕКТС: 2019/2020 – 48; 2020/21 – 29; 2021/22 – 79; 2022/23 - 56; 2023/24 - 47.
Во Прилог 2.9.Б е дадена Табела за број на уписи на Американскиот универзитет на Европа - ФОН од 2019/20 до 2023/24 по факултети.

Просечните оцени на Американскиот универзитет на Европа – ФОН биле:
прв циклус на студии: 2019/2020 – 7,67; 2020/21 – 7,79; 2021/22 – 7,73; 2022/23 – 7,75; 2023/24 – 7,66.
втор циклус на студии: 2019/2020 – 8,35; 2020/21 – 8,06; 2021/22 – 8,32; 2022/23 – 8,35; 2023/24 – 8,31.

По факултети:

| | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Архитектонски факултет | 7,55 | 7,71 | 7,58 | 7,75 | 7,59 | 7,63 |
| I циклус | 7,28 | 7,63 | 7,34 | 7,61 | 7,58 | 7,49 |
| II циклус | 8,25 | 7,91 | 8,40 | 8,11 | 7,60 | 8,09 |
| Факултет за детективи и безбедност | 7,29 | 7,51 | 7,27 | 7,29 | 7,30 | 7,33 |
| I циклус | 7,20 | 7,45 | 7,26 | 7,22 | 7,36 | 7,30 |
| II циклус | 7,54 | 7,69 | 7,32 | 7,46 | 7,09 | 7,41 |
| Факултет за дизајн и мултимедија | 9,01 | 8,96 | 8,77 | 9,05 | 8,98 | 8,91 |
| I циклус | 8,78 | 8,97 | 8,67 | 8,90 | 8,73 | 8,76 |
| II циклус | 9,56 | 8,93 | 9,08 | 9,41 | 9,56 | 9,30 |
| Факултет за економски науки | 7,75 | 7,61 | 7,83 | 7,64 | 7,70 | 7,70 |
| I циклус | 7,39 | 7,50 | 7,63 | 7,62 | 7,78 | 7,57 |
| II циклус | 8,20 | 7,80 | 8,19 | 7,67 | 7,56 | 7,90 |
| Факултет за информатика | 7,63 | 7,95 | 7,89 | 7,95 | 7,91 | 7,87 |
| I циклус | 7,43 | 7,82 | 7,74 | 7,78 | 7,86 | 7,75 |
| II циклус | 7,96 | 8,41 | 8,24 | 8,52 | 8,13 | 8,22 |
| Факултет за правни и политички науки | 8,00 | 7,76 | 7,75 | 7,69 | 7,75 | 7,78 |
| I циклус | 7,82 | 7,56 | 7,59 | 7,45 | 7,34 | 7,53 |
| II циклус | 8,17 | 7,95 | 7,88 | 7,87 | 8,13 | 8,00 |
| Факултет за спортски менаџмент | 7,80 | 7,45 | 7,80 | 7,77 | 7,48 | 7,63 |
| I циклус | 7,52 | 7,43 | 7,67 | 7,68 | 7,27 | 7,50 |
| II циклус | 8,51 | 7,52 | 8,25 | 8,67 | 9,40 | 8,22 |
| Факултет за странски јазици | 7,99 | 7,98 | 7,96 | 7,81 | 7,47 | 7,87 |
| I циклус | 7,92 | 7,94 | 7,91 | 7,73 | 7,37 | 7,81 |
| II циклус | 8,63 | 8,25 | 9,25 | 9,10 | 9,00 | 8,62 |
| | 7,89 | 7,87 | 7,85 | 7,87 | 7,83 | 7,86 |

Просечни оцени по предмет за сите циклуси на Американскиот универзитет на Европа - ФОН од 2019/20 до 2023/24

се дадени во Прилог 2.9.В.

Бројот на испишани студенти е: 2019 - 17; 2020 - 9; 2021 - 44; 2022 - 98; 2023 – 46; 2024 – 58, односно вкупно 272 во последните пет години.
По факултети:
Факултет за економски науки, вкупно 68, односно: 2019 - 1; 2020 - /; 2021 - 9; 2022 - 26; 2023 – 17; 2024 – 15
Факултет за правни и политички науки, вкупно 58, односно: 2019 - /; 2020 - /; 2021 - 15; 2022 - 23; 2023 – 9; 2024 – 11
Факултет за информатика, вкупно 35, односно: 2019 -/; 2020 - /; 2021 - 5; 2022 - 18; 2023 – 4; 2024 – 8
Факултет за дизајн и мултимедија, вкупно 31, односно: 2019 - 1 ; 2020 - /; 2021 - 5; 2022 - 17; 2023 – 4; 2024 – 4
Факултет за детективи и безбедност, вкупно 17, односно: 2019 -/; 2020 - /; 2021 -/; 2022 -/; 2023 – 6; 2024 – 11
Факултет за архитектура, вкупно 29, односно: 2019 - 7; 2020 - 6 ; 2021 – 5; 2022 - 7; 2023 – 1; 2024 – 3
Факултет за спортски менаџмент, вкупно 14, односно: 2019 - 8; 2020 - 3 ; 2021 -/; 2022 - 2; 2023 –/; 2024 – 1
Факултет за јазици, вкупно 19, односно: 2019 -/; 2020 - /; 2021 - 5; 2022 - 5; 2023 – 5; 2024 –4
За причините или не се наведени, или најчесто се јавува иселување (12%), лични (15%) и финансиски (4%) причини, но и префрлање од една на друга студиска програма (5%). Утврдено е и дека 15% од испишаните, биле запишани пред повеќе од 7 години до датумот на исписот. Впечатливиот зголемен број на исписи во периодот од 2022 се должи на активноста на универзитетот во кој се контактираа неактивни/спорни студенти за регулирање на нивниот статус, при што некои го продолжија процесот на студирање, а некои ги прекинаа студиите. Листата на испишани студенти на Американскиот универзитет на Европа - ФОН од 2019 до 2024 е дадена во Прилог 2.9.Г.

Број на завршени студенти по циклуси во последните 5 години:
2019: прв циклус - 220, втор циклус специјалистички - 107, втор циклус магистерски - 87.
2020: прв циклус - 135, втор циклус специјалистички - 110, втор циклус магистерски - 100.
2021: прв циклус - 168, втор циклус специјалистички - 114, втор циклус магистерски - 105.
2022: прв циклус - 211, втор циклус специјалистички - 148, втор циклус магистерски - 98.
2023: прв циклус - 181, втор циклус специјалистички - 96, втор циклус магистерски - 65.
Табелите со број на завршени студенти по години, циклуси и факултети се дадени во прилог 2.9.Д.

При анализа на статистичките податоци на Американскиот универзитет на Европа - ФОН може да се утврди дека работата на универзитетот во последните пет години е стабилна, без големи осцилации.

Прилози
Прилог 2.9.А Листа на сите предмети изведувани на сите студиски програми на Факултетите на Американскиот универзитет на Европа - ФОН за студиските години од 2019/20 до 2023/24
Прилог 2.9.Б Табела за број на упис на АУЕ ФОН од 2019/20 до 2023/24
Прилог 2.9.В Просечни оцени по предмет за сите циклуси на Американскиот универзитет на Европа - ФОН од 2019/20 до 2023/24
Прилог 2.9.Г Листа на испишани студенти на Американскиот универзитет на Европа - ФОН од 2019 до 2024
Прилог 2.9.Д Број на завршени студенти од 2019 до 2023

Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој га- рантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

| | |
|---|---|
| Американскиот универзитет на Европа – ФОН применува наставни механизми што ги мотивираат студентите да бидат активни учесници во процесот на учење, преку континуирано учество во наставата, изработка на проектни задачи и практична работа. Наставните програми се структуирани така што овозможуваат вклучување на студентите во процеси што одговараат на реалните предизвици од соодветните области, при што се постигнува оптимален баланс помеѓу теоријата и практичната примена.<br>Структура на наставата и механизми за учење: студентите во рамките на наставата учествуваат и во различни активности: практична работа, проектни задачи, студии на случај, симулации, тимски и индивидуални презентации, групни дискусии итн. Во процесот на учење се практикуваат дискусии и презентации меѓу студентите, што ја поттикнува културата на споделување знаења и конструктивна дебата. Тоа придонесува за интерактивно учење, критичко размислување и развој на професионални компетенции.<br>Во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, член 55 (Прилог 3.1.А) е наведено дека оценувањето на студентите се спроведува континуирано во текот на наставно-научниот процес. Ова овозможува студентите да бидат активно вклучени во процесот на учење преку работа на практични задачи и активности и оценувањето се базира и на индивидуалниот напредок на студентите и нивниот придонес во процесот на учење. Континуираната евалуација на оценувањето опфаќа: редовност на настава и активност на вежби, континуирана изработка на задачи и практична работа, јавни презентации, учество во дискусии. Двонасочната комуникација придонесува за континуирано подобрување на наставните програми, како и за зголемување на мотивацијата и ангажманот на студентите, а завршните оценки се резултат на повеќекратна евалуација во текот на семестарот.<br>Стратегијата за обезбедување на квалитет на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (Прилог 3.1.В) во точка 3.3 упатува: „Во согласност со развивањето на новата парадигма за учење и образование насочено кон студентот (student-centered learning), студиските програми треба да се спроведуваат на начин што ги поттикнува студентите да преземат активна улога во процесот на учење, а вреднувањето на студентите да го одразува таквиот пристап."<br>Преку ваквите механизми и принципи, Американскиот универзитет на Европа – ФОН создава средина што стимулира активно и интерактивно учење, развој на креативни способности и критичко размислување, подготвувајќи ги студентите за успешна професионална интеграција во современото општество. | |
| Прилози<br>Прилог 3.1.А Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (линк)<br>Прилог 3.1.Б Правилник за полагање и оценување испити (линк)<br>Прилог 3.1.В Стратегија за обезбедување на квалитет на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (линк) | |
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на<br>педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
| Наставниот процес на Американскиот универзитет на Европа – ФОН е структуриран според современи педагошки методи и е компатибилен со европските и светските високообразовни стандарди. Универзитетот применува флексибилен и динамичен пристап кој овозможува на студентите да се развиваат и напредуваат според сопствените потреби и професионални цели.<br>Наставата се реализира преку различни форми: предавања, вежби, консултации, домашни задачи, индивидуални и тимски проекти, практична работа во реални услови, како и активности надвор од установата. Особено се поттикнува комбинирање на теорија и практика, критичко размислување, креативно решавање на проблеми и применливост на знаењата во реални ситуации.<br>Во наставниот процес се интегрирани разни методи и алатки, како што се работа на проекти, студии на случај, симулации, групни дискусии, дебати, презентации и креативни работилници, при што студентите се охрабруваат за активна партиципација и развој на критичко мислење. Покрај тоа, Факултетот за економски науки редовно организира гостински предавања од стручњаци од областа на кои се развива дебата и се споделува искуство и знаење со студентите; студентите на Факултетот за информатика работат на апликативни реални решенија/проекти од ИТ секторот и се во можност да следат предавања и да учествуваат во дискусии со врвни имиња од областа на домашно и меѓународно ниво; Факултетот за правни и политички науки, покрај значајните панел дискусии на различни теми од областа, спроведува и студиски посети на институции, но и значајни истражувачки проекти; Факултетот за дизајн и мултимедија и Факултетот за архитектура реализираат различни активности од своите полиња како: надворешни предавачи, учество на конкурси и изложби, практична настава и работа на реални проекти; Факултетот за детективи и безбедност редовно организира гостински предавања, | |

посети на релевантни институции и теренска настава; Факултетот за спортски менаџмент редовно организира и учествува на спортски настани и организира теренска настава; Факултетот за странски јазици ги вклучува студентите во меѓународни проекти. Реализираната практична настава и активности на АУЕ ФОН од 2019/20 до 2023/24 се дадени во Прилог 3.2.Г.
Практичната работа е особено застапена и поддржана преку Центарот за развој и кариера, а студентите имаат можност за директна соработка со компании, институции и релевантни професионалци од својата област.
Ковид пандемијата наметна потреба за реорганизација на наставниот процес и методологија. АУЕ - ФОН многу брзо и успешно одговори на предизвикот, со префрлање и адаптација на наставата на дигиталната платформа Teams. Овој пристап се покажа како алатка која нуди флексибилност во комуникацијата и наставниот процес воопшто. Поради тоа, оваа пракса за користење на платформата Teams за следење на видео предавања во живо, учество во дискусии, споделување на информации, материјали итн, продолжи да се користи и при нормализирање на процесот на наставата, па наставата за некои предмети, паралелно се одвива и со физичко присуство и се споделува, во живо на платформата за студентите кои се спречени да се физички присутни.
Во согласност со потребите на студентите, наставниот кадар има флексибилни термини за консултации, во живо или дигитално на е-пошта или Teams платформата, овозможувајќи им на студентите поголема автономија во организирањето на своите обврски. Ова е особено значајно за студентите на втор циклус на студии за кои ваквата флексибилност е неопходна доколку се вработени.
Ваквата организација на наставата овозможуваат студентите на Американскиот универзитет на Европа – ФОН да стекнат релевантни знаења, вештини и искуства кои ќе ги подготват за успешна професионална и академска кариера на национално и меѓународно ниво.

Прилози
Прилог 3.2.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Американскиот универзитет на Европа-ФОН (линк)
Прилог 3.2.Б. Правилник за полагање и оценување испити (линк)
Прилог 3.2.В.Упатство за остварување практична настава (линк)
Прилог 3.2.Г Практична настава и активности на АУЕ ФОН од 2019/20 до 2023/24
Прилозите во индикатор 2.2 ги содржат Елаборатите за акредитираните студиски програми

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.; Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости; Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Наставниот процес на Американскиот универзитет на Европа – ФОН е целосно ориентиран кон студентот, со акцент на индивидуалниот развој и подготовката за професионално делување во современи услови.
Во елаборатите на секоја студиска програма јасно се објавени општите и специфичните дескриптори Наставата се темели на анализа на студии на случај, практична работа, индивидуални и групни задачи, како и интерактивни методи на учење. Ваквиот пристап е поддржан и со богата понуда на изборни предмети од различни области, овозможувајќи интердисциплинарност и слободен избор според интересите на студентите. Ова значи дека, покрај стручните предмети, студентите имаат можност да избираат содржини од сродни/други дисциплини и на тој начин го збогатуваат својот професионален профил.
Во наставниот процес активно се применуваат методи како што се: студии на случај, симулации, апликативни проекти, теренска и практична настава, презентации, дебати, истражувачки задачи и работа во тимови. Овие активности ги зајакнуваат практичните, креативните и комуникациските вештини на студентите, истовремено поттикнувајќи развој на критичко мислење, флексибилност и иновативност.
Универзитетот обезбедува и широк спектар на надворешни активности – посети на институции и компании, соработка со професионалци и учество во разни активности, со што студентите стекнуваат реално и применливо искуство уште за време на студиите.
Трансформација на образовниот процес и адаптација на методите на настава од времето на пандемијата со префрлање на дигиталната платформа Microsoft Teams, овозможи одржување на континуитетот во образовниот процес, а се покажа и како дополнително корисен за одредени предмети бидејќи студентите стекнуваат вештини применливи при користење на дигиталните платформи. Денес, кај некои предмети наставата се реализира

| | |
|---|---|
| истовремено со физичко присуство и преку онлајн пренос, што овозможува вклученост на студентите кои не можат да бидат физички присутни, и во исто време ги зајакнува нивните комуникациски вештини во дигиталното доба. Квалитетот на наставата се следи и подобрува континуирано, преку самоевалуација, анализа на анкетите од студентите, редовна ревизија на програмите и вградување на современи методи и содржини според развојот на индустријата и општеството. Интерактивното учење и учењето ориентирано кон студентот остануваат во фокусот на образовниот процес, обезбедувајќи континуирана адаптација, висока мотивираност и практична применливост на знаењата и вештините што ги стекнуваат студентите на Американскиот универзитет на Европа – ФОН. | |
| Прилози<br>[Прилог 3.3.А Практична настава и активности на АУЕ ФОН од 2019/20 до 2023/24] | |
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивање- то на сопствени вештини во ова поле; оценува- њето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, про-<br>екти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |
| Процесот на оценување на студиските програми на Американскиот универзитет на Европа – ФОН е повеќеслоен, структуриран и целосно усогласен со специфичните барања на секоја академска област. Оценувањето е континуирано и се спроведува низ целиот наставен процес, со цел да се обезбеди објективна и сеопфатна валоризација на знаењата, вештините и компетенциите што студентите ги стекнуваат во текот на студиите.<br>Секој предмет има дефинирана методологија за оценување, која е опишана во елаборатите на студиските програми и во програмата на наставниот предмет. Таа опфаќа различни методи на проверка, како што се: писмени и усни испити, колоквиуми, тестови, практични задачи, проекти, студии на случај, презентации, семинарски работи и други активности, во согласност со целите на предметот. За секој предмет е утврдена бодовна распределба на поединечните елементи што влегуваат во финалната оценка, и истата е транспарентно презентирана на студентите на почетокот на секој семестар. Односно, на почетокот на секој семестар, предметниот наставник ги информира студентите за програмата за работа на конкретниот предмет, која вклучува релевантната литература и методите на изведување на наставата, како и детални информации за начинот на оценување.<br>Оценувањето е прилагодено на наставните цели и специфичностите на секоја наставна програма, со особен фокус на примената на стекнатите знаења во реални и апликативни задачи, симулации или јавни презентации. | |
| Прилози:<br>Елаборатите за секоја студиска програма се дадени во стандард 2, индикатор 2.2<br>[Прилог 3.4.А Правилник за полагање испити и оценување на испити] ([линк]) | |
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и<br>оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
| Статутот на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (член 232 и 233), Правилникот за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (член 50-60), како и Правилникот за полагање испити и оценување испити во кои се наведени критериумите и методите за вреднување и оценување се објавени на веб страната на Универизтетот. Актите содржат и детални информации за пријавување и изведување на испитите, испитни рокови, јавност на испитот, процедурата за поднесувањето на приговори и постапувањето по истите, комисиско полагање, завршно оценување итн.<br>Воедно, начините на вреднување на знаењето се посебно наведени и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно (Прилог 2.2). Дополнително, на почетокот на семестарот, наставниците со студентите споделуваат информативни обрасци за наставниот предмет преку платформата Teams, во дедицираниот канал на предметот. (Прилог 3.5.Д) | |
| Прилози<br>Прилог 3.5.А [Статут на Американскиот универзитет на Европа – ФОН] (член 232 и 233) [линк]<br>Прилог 3.5.Б [Правилник за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус] | |

на студии на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (член 50-60) линк
Прилог 3.5.В Правилник за полагање испити и оценување на испити линк
Прилог 3.5.Г Елаборати за секоја студиска програма се дадени во стандард 2, индикатор 2.2.
Прилог 3.5.Д Примерок од информативниот образец за наставниот предмет кој се споделува со студентите на почетокот на семестарот

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати ре- зултати од учењето. Студентите добиваат пов- ратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и правед- но за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекува- ните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Оценувањето на студентите е континуирано и е согласно целите на наставната програма на предметот наведени во Елаборатите на студиските програми. Вештините и квалификациите кои ги совладал студентот се бодуваат доследно и праведно. Студентите имаат јасен увид за сегментите кои ја сочинуваат крајната збирна оценка. Резултатите од спроведените колоквиуми и испити редовно се внесуваат во електронскиот индекс со што се достапни за студентите. Се почитува правилото резултатите да се впишуваат најкасно 5 дена од одржувањето на испитот, според правилникот за полагање испити и оценување испити (Прилог3.6.А) Студентите имаат право на увид и приговор за резултатите од оценувањето.
Просечните оцени по предмет за сите студиски програми се поставени во Прилог 3.6.Б

Прилози
Прилог 3.6.А Правилник за полагање испити и оценување на испити (линк)
Прилог 3.6.Б Просечни оценки по предмет за сите циклуси на Американскиот универзитет на Европа - ФОН од 2019/20 до 2023/24
Прилог 3.6.В Линк до студентскиот портал (линк)

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите; Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

На Анериканскиот универзитет на Европа - ФОН се воспоставени јасни, транспарентни и ефикасни процедури за поднесување жалби, пријава на незаконито постапување и пријавување корупција. Овие процедури се во согласност со релевантните законски и универзитетски акти и се достапни за сите студенти и вработени.
За пријава на корупција, на веб-страницата на АУЕ ФОН е достапна апликација: Пријави корупција за спречување на корупција во високото образование преку ефективна антикорупциска стратегија. Секоја пријава е анонимна, а личните податоци се заштитени (линк). Оваа алатка обезбедува лесен и безбеден начин студентите и вработените да пријават неправилности, при што се гарантира анонимноста на подносителот.
Универзитетот има назначено лице за борба против корупција (Прилог 3.7.А) кое е задолжено за прием, обработка и следење на сите пријави. Сите поднесени пријави се обработуваат во дефинирани рокови, со што се обезбедува правичност и транспарентност во постапката. Постапката за поднесување на жалби вклучувајќи и пријава за корупција ги следи процедурите и постапката за жалба и пријавување на корупција од Законот за заштита на укажувачите (Прилог 3.7.Г). Информациите се јавно достапни на веб страната на Универзитетот Прилог 3.7.В (линк)
Факултетот исто така има отворена политика за постапување по секоја усна жалба или пријава доставена по електронски пат до било кој член на наставниот кадар. За секој допрен глас се преземаат сите процедури кои се законски достапни со цел да обезбедат највисоки стандарди на академски интегритет и правичност.
Етичкиот кодекс на Универзитетот (Прилог 3.7.Д) е јавно достапен на веб-страницата.
Во последните години нема поднесени жалби вклучувајќи и пријави за корупција.

| |
|---|
| |
| Прилози<br>Прилог 3.7.А Одлука за лице назначено за борба против корупција<br>Прилог 3.7.Б Линк за пријава на жалба (линк)<br>Прилог 3.7.В Информации за овластено лице за пријави на корупција и процедура, линк: Пријави корупција<br>Прилог 3.7.Г Закон за заштита на укажувачите (линк)<br>Прилог 3.7.Д Етички кодекс (линк) |

Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студира- њето, т.е. запишувањето, напредувањето за вре-<br>ме на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето; Линк до веб страна на објавата. |
| Американскиот универзитет на Европа – ФОН го уредува процесот на запишување, студирање, напредување за време на студиите, преминување меѓу студиски програми, продолжување или прекин на студиите, како и завршувањето на студиите и диплома на прв и втор циклус студии со Правилникот за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (прочистен текст).<br>Правилникот содржи јасни критериуми и е јавно објавен на веб-страницата на Универзитетот (Прилог 4.1.А)<br>Студентите навремено се информираат за термините за заверка на семестар, колоквиумски и испитни сесии преку веб страната, но и преку дедициран Вибер канал и социјалните медиуми (линк). Годишниот академски календар навремено се објавува на веб страницата на Универзитетот, како и распоредите за настава и колоквиумските, односно испитни сесии (линк). | |
| Прилози<br>Прилог 4.1.А Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (линк)<br>Прилог 4.1.Б Линк до веб страната со соопштенија (линк)<br>Прилог 4.1.В Линк до распореди (линк) | |
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и<br>за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Американскиот универзитет на Европа – ФОН ги собира и следи информациите за секој студент согласно Законот за високо образование (Прилог 4.2.А) и Правилникот за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (Прилог 4.2.Б). Високообразовната установа води Матична книга на запишани студенти и Главна книга на дипломирани студенти според Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти (Прилог 4.2.В). Студентската служба води досие за секој студент, кои се чуваат во материјална и електронска форма според Правилник за водење евиденции на високото образование (Прилог 4.2.Г). Во употреба е дигитална апликација за студентски (Прилог 4.2.Д) и професорски портал (Прилог 4.2.Ѓ) на Универзитетот во која се води евиденција за уписот и се внесуваат резултатите од колоквиумите и испитите. Службата за студентски работи има увид во податоците, а професорите и студентите имаат пристап до информациите навремено. | |
| Прилози<br>Прилог 4.2.А Закон за високо образование (линк) | |

| | |
|---|---|
| Прилог 4.2.Б Правилникот за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (линк)<br>Прилог 4.2.В Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти (линк)<br>Прилог 4.2.Г Правилникот за водење евиденции во високото образование (линк)<br>Прилог 4.2.Д Линк до студентскиот портал (линк)<br>Прилог 4.2.Ѓ Линк до професорски портал (линк) | |
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студи- рање и претходно учење, што вклучува и призна- вање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и<br>за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |
| Во Правилникот за европски кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитет и од една во друга вискообразовна установа (Прилог 4.3.А), како и Правилникот за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (член 40 – 42а) (Прилог 4.3.Б) детално е уредена постапката за признавање на периодите на студирање и претходно учење.<br>Надлежни за процесот се соодветните Комисии за признавање на испити на факултетите, кои постапуваат по претходно доставено барање на студентот, заедно со оригинално Уверение за положени испити. Комисијата доставува записник за признавање на испити, а правната служба изработува Решение за признавање на испити. Целосната документација се внесува и чува во досието на студентот.<br>Прилог 4.3.В и Прилог 4.3.Г содржат листи на студенти на кои им е признато претходното учење врз основа на трансфер од други универзитети или од една на друга студиска програма или реактивација на студии за последните пет години. | |
| Прилози<br>Прилог 4.3.А Правилникот за европски кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитет и од една во друга вискообразовна установа (линк)<br>Прилог 4.3.Б Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (линк)<br>Прилог 4.3.В Листа на студенти на кои им е признаено претходно учење врз основа трансфер од други универзитети или од една на друга студиска програма за последните 5 години<br>Прилог 4.3.Г Листа на студенти на кои им е признаено претходно учење врз основа реактивација на студии за последните 5 години<br>Прилог 4.3.Д Одлуки за избор на Комисии за признавање на испити на Факултетите на АУЕ ФОН | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии.<br>Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |
| По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. На завршените студенти се доделува диплома и уверение, а на барање се изготвува и додаток на диплома. Структурата е во согласност со Законот за високо образование (член 155) (Прилог 4.4.А) и Правилникот за содржината содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи за секој посебен документ. (Прилог 4.4.Б)<br>Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје ги издава следните документи: Уверение за завршен прв циклус на студии, Додаток на диплома за прв циклус на студии, Уверение за втор циклус на студии, Додаток на диплома за втор циклус на студии. Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје е надлежен за издавање на крајните дипломи за завршени прв и втор циклус на студии. | |

Прилози

Прилог 4.4.А Закон за високо образование (линк)
Прилог 4.4.Б Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи (линк)
Прилог 4.4.В Уверение за прв циклус студии
Прилог 4.4.Г Уверение за втор циклус академски студии
Прилог 4.4.Д Уверение за втор циклус стручни студии
Прилог 4.4.Ѓ Додаток на диплома за прв циклус студии
Прилог 4.4.Е Додаток на диплома за втор циклус академски студии
Прилог 4.4.Ж Додаток на диплома за втор циклус стручни студии

Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР3 | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на нас- тавниот кадар вклучен во изведува- њето на студиските програми се со- одветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Американскиот универзитет на Европа – ФОН, во рамките на студиските програми на единиците на универзитетот, врши наставна дејност со квалификуван наставен кадар во согласност со утврдените академски стандарди. Најголем процент од наставниот кадар кој ја спроведува наставата на студиските програми опфаќа редовно вработени лица избрани во наставно-научни звања по стручно уметнички предмети и кои се членови на Наставно научните и Наставно научниот и уметничкиот совет на факултетите. За некои од предметите на студиските програми е ангажиран наставен кадар од другите единици во состав на универзитетот, како и надворешно ангажирани наставници. Биографиите на ангажираниот кадар се дадени во прилог 5.1.А, одлуките за избор во прилог 5.1.Б и прегледот на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години е даден во прилог 5.1.В. | |
| Прилози<br>Прилог 5.1.А Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass<br>Прилог 5.1.Б Одлуки за избор во звања<br>Прилог 5.1.В Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години 2019 до 2024 | |
| 5.2. Објавените трудови на настав- ниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии одн. научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Во извештајниот период објавени се вкупно 284 трудови од наставниот кадар на Американскиот универзитет на Европа – ФОН. По категориите предвидени во чл. 2 т. 21 од ЗВО:<br>- 183 труда во категорија А (научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование;<br>- 35 труда во категорија Б (научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови);<br>- 8 труда во категорија В (научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД);<br>- 4 труда во категорија Г (книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД) и<br>- 54 труда во категорија Д (зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји).<br><br>Во прилог 5.2.А е поставен прегледот на објавени трудови во референтни научни публикации на наставниот кадар како и листи на објавените трудови со линк на секој професор поединечно. | |

Треба да се земе предвид дека наставниот кадар на Факултетот за дизајн и мултимедија е избран во наставно научни звања по стручно уметнички предмети, и изведува уметничка и апликативна дејност. Овие активности се главен услов за вреднување при постапката за избор во звање според ЗВО член 167 и јасно наведените критериуми со кои се оценува уметничката и апликативна дејност во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа ФОН член 10 (Прилог 5.2.Б). Нивните уметнички и апликативни дела и трудови се наведени во истиот прилог.

Прилози
Прилог 5.2.А Преглед на бројот на објавени трудови со листи по професор од 2019 до 2024
Прилог 5.2.Б Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа ФОН

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано.<br>Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби.<br>Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.[4];<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Наставниот кадар на Американскиот универзитет на Европа - ФОН е балансирано распределен по наставните предмети кои се изведуваат на студиските програми на првиот и вториот циклус на студии на единиците на Универзитетот. Оптоварувањето е во согласност со Законот за високо образование при што не се надминуваат 4 предмети по семестар, по циклус. Бројот на одржани часови е соодветен на бројот на часови утврден во Елаборатите на студиските програми, дадени во Прилог 2.2. Во делот на наставата од втор циклус студии, поради високиот процент на запишани студенти кои се вработени, наставата најчесто се реализира менторски.
Табела на предметите кои наставниот кадар ги предавал во сите циклуси на студии, со број на часови во последните пет години е даден во Прилог 5.3.А.
Во Прилозите 5.3.Б се дадени распределбите на работни задачи по предмети во последните пет години според одлуките на Советите на единиците.
Прилогот 5.3.В содржи извештаи за спроведена настава која професорите ја пополнуваат на професорскиот портал. Оваа апликација беше воведена во академската 2022/23.
Прилог 5.3.Г содржи М1/М2 документи како доказ за вработени лица во наставно научно звање на Американскиот универзитет на Европа - ФОН.

Прилози
Прилог 5.3.А Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите пет години од 2019 до 2024
Прилог 5.3.Б Распределби на работи и работни обврски
Прилог 5.3.В Евиденција на одржана настава
Прилог 5.3.Г Наставен кадар на АУЕ ФОН М1/М2 документи

---
Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Американскиот универзитет на Европа - ФОН постапува јасно, транспарентно и праведно во процесот за вработување. Вработувањето е резултат на постапката за избор во наставно научно звање, кое е во согласност со Законот за високо образование (Прилог 5.4.А) и Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, даден во Прилог 5.4.Б.
Процесот започнува со утврдување на потребата за ангажман на наставно научен кадар со дефинирање на областа според Фраскатиевата класификација, односно Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) кое стапи на сила на 19.04.2024, дадени во Прилог 5.4.В и Прилог 5.4.Г, од страна на Советот на единицата. Потоа следи објавување на јавен конкурс во дневниот печат, при што конкурсот трае 8 дена. По истекот на овој рок Советот формира рецензентска комисија од три члена кои се избрани во исто или повисоко звање од кандидатите, при што најмалку двајца од членовите се избрани во соодветната област, а еден член може да е избран и во сродна област. Рецензентската комисија поднесува Извештај со предлог за избор на кандидат кој се објавува во Билтенот на Универзитетот. Советот на единицата одлучува по дадениот предлог со гласање. При избор во редовен професор Сенатот гласа за потврдување на изборот.

Од академската 2019/2020 до академската 2023/2024, на АУЕ ФОН се избрани 20 редовни професори, 18 вонредни професори и 11 доценти, 8 асистенти, 5 виши лектори, 1 лектор,,како и 5 насловни вонредни професори и 5 насловни доценти.
Во 2019/2020 избрани се 6 редовни професори, 5 вонредни професори, 3 доценти, 5 асистенти, 2 насловни вонредни професори и 1 лектор. На еден конкурс не е спроведен избор поради неисполнети услови на кандидатите.
Во 2020/2021 избрани се 3 редовни професори, 3 вонредни професори, 2 доценти, 1 асистенти, 2 насловни доценти и 2 виши лектори.
Во 2021/2022 избрани се 5 редовни професори, 5 вонредни професори, 4 доценти, 1 насловен вонреден професор и 3 виши лектори. Избран е и 1 професор емеритус.
Во 2022/2023 избрани се 2 редовни професори, 4 вонредни професори, 2 доценти, 2 асистенти, 1 насловен вонреден професор, 1 насловен доцент.
Во 2023/2024 избрани се 4 редовни професори, 1 вонреден професор, 1 насловен вонреден професор, 2 насловни доценти.

Во прилог 5.4.Д е даден хронолошки преглед на лица избрани во наставно научни звања во последните пет години на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, вклучително со Факултетот на кој е спроведен изборот, добиено звање со областа, број на пријавени на конкурсот и линк до Билтенот и бројот на страница во кој се објавени рецензиите.

Прилози
Прилог 5.4.А Закон за високо образование (линк)
Прилог 5.4.Б Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа ФОН (линк)
Прилог 5.4.В Фраскатиева класификација
Прилог 5.4.Г Уредба за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области)
Прилог 5.4.Д Преглед на лица избрани во наставно научни звања во последните пет години на АУЕ ФОН со линк до рецензија во билтен

Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

<table>
<tr><td>5.5. Установата има развиено пос- тапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна ин- форматичка опрема, пристап до ре- левантни електронски бази од об- ласта/студиската програма, соодвет- ни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа.</td><td>Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објектот на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, во чии простории се одвива целокупната дејност на Факултетот за дизајн и мултимедија е лоциран на бул. Киро Глигоров бр 5, во Скопје. Просторот е доволен за обавување на дејноста.<br>Вкупната површина на сопствен простор во (предавални, службен простор, библиотеки, лаборатории, информатичка опрема) ги задоволуваат потребите за изведување на настава и реализација на другите активности на универзитетот. Вкупниот простор на универзитетот наменет за изведување наставна дејност опфаќа површина од 4427,3 м2, односно: 12 предавлни и амфитеатри со вкупна површина од 1155,4м2; 4 лаборатории со вкупна површина од 394 м2, читална и библиотека 132 м2; 17 кабинети за вработениот наставен кадар 694,9 м2; 2 простории за работа на органите и телата на АУЕ-ФОН универзитет со површина од 274м2; 5 канцеларии и простории за ненаставен кадар 201 м2; 1 просторија за работа на студентско собрание со површина од 63 м2 и 2 други заеднички и повеќенаменски простории, сали за состаноци 606,3 м2 итн. (Прилог 5.5.А)<br>Наставниот кадар има оптимални услови за работа. Канцелариите на наставниот кадар се просторни и современо уредени. Фактот дека канцелариите ги користат поголем број на професори, со што се надминува нормативот за број на професори по дадени звања во една канцеларија, се надминува со флексибилното време за користење на канцелариите. Препорака е да се разгледа можноста за понатамошно постапување по оваа точка.<br>Во целиот објект има пристап на интернет преку слободен Wi-Fi, а овозможено е и WLAN приклучување на сопствени компјутери на студентите, на информатичка мрежа во зградата, во лаборатории – 50 позиции. Сите предавални и амфитеатри се опремени со клупи и места за седење, ЛЦД проектори, десктоп компјутери, звучници, веб камери и табли, како и друг вид на опрема која ги задоволува специфичните потреби на наставните содржини (Прилог 5.5.Б).<br>Во текот на 2022 година набавени се девет преносни компјутери за целиот Универзитет.<br>Според последниот увид на ниво на Универзитетот за наставниот кадар и администрацијата има 64 PC компјутери, и 46 компјутери во лабораториите за работа на студентите, 6 DELL сервери, 26 проектори за презентации и 22 принтери за администрација. Функционалноста на информатичката опрема е предизвик, поради користењето на истата од многу корисници.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 5.5.А Список на простории со површина со кои располага АУЕ-ФОН<br>Прилог 5.5.Б Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење високобразовна дејност на АУЕ - ФОН</td></tr>
<tr><td>5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставни- от кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педа- гошки и технички вештини Устано- вата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар.</td><td>Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо).</td></tr>
</table>

Научното усовршување на наставниците и асистентите опфаќа мобилност на академскиот кадар за спроведување настава како и студиски престој во странство заради научно усовршување. Во рамките на Еразмус + програмата за размена/ мобилност на наставен кадар остварени се следните учества:
Факултет за информатика - во 2024 година 1 професор на training на The Academy of Applied Technical and Preschool Studies во Ниш во периодот од 01.07.2024 до 05.07.2024.
Факултет за детективи и безбедност - Во 2021/2022 во периодот од 5 до 9 јули 2022 година Деканот на ФДБ проф.д-р Митасин Беќири беше на академска тренинг мобилност во рамки на програмата Еразмус + на Факултетот за економски науки во Варна, Република Бугарија
Факултет за дизајн и мултимедија - Во 2022 година доц. м-р Марк Јанура на training на University of Economics – Varna во Варна во период од 13.06.2022 до 17.06.2022 и проф. м-р Милош Милосављевиќ на training на University of Nish во Ниш во период од 01.08.2022 до 5.08.2022. Во 2024 година доц. м-р Марк Јанура на training на Higher Institute of Insurance and Finance (VUZF) во Софија во период од 1.7.2024 до 5.7.2024
Факултет за економски науки - 2022 година 1 асистент на training на Arel Универзитетот во Истанбул во периодот од 08.08.2022 до 12.08.2022 година.
- во 2023 година 1 професор на teaching на Универзитетот Adriatik Bar во Црна Гора во периодот од 22.05.2023 до 26.05.2023 година.
-во 2024 година 1 професор на training на The Academy of Applied Technical and Preschool Studies во Ниш во периодот од 01.07.2024 до 05.07.2024 и на Varna University of Management од 09.12.2024 до 13.02.2024 година
Факултет за правни и политички науки – проф. д-р Арлинда Кадри, проф. д-р Зинет Асани и проф д-р Зорица Силјановска од 15.08.2022-19.08.2022 остварија teaching mobility на ArelUniversity – Istanbul. проф. д-р Нано Ружин 11.07.2022-30.07.2022 остварил teaching mobility на New Bulgarian University – Sofia, а проф. д-р Гоце Галев 8.5.2023 - 12.5.2023 на Educons University. Воедно проф д-р Александра Србиновска Дончевски и проф. д-р Билјана Пулеска оствариле training mobility на 20.06.2022-23.06.2022 на Higher Institute of Insurance and Finance (VUZF) во Софија, проф. д-р Сејдефа Џафче во периодот 04.07.2022-08.07.2022 остварила training mobility на University Business Academy in Novi Sad, а проф д-р Александра Србиновска Дончевски и проф. д-р Наташа Тодоровска од 01.07.2024 до 05.07.2024 на Higher Institute of Insurance and Finance (VUZF) во Софија оствариле training mobility.

Во периодот на известување се спроведени обуки и тренинзи за различни целни групи на академската заедница на АУЕ ФОН и тоа:
Тренинг за вработените на АУЕ - ФОН за подобрување на менталното здравје, Предавач - Дафина Кирби, лиценциран тренер за трансформациски живот и тренер за здравје на мозокот, која живее и работи во Лондон. Кирби во текот на своето интерактивно предавање/обука објасни и сподели многу различни алатки и техники кои вработените можат да ги користат со цел да за заменат негативното размислување со позитивно, 2022 .
Работилница на тема „Важноста на принципите за интегритет, чесност и одговорност“, во рамки на кампањата “Зависи од мене и тебе”, на која гостин беше заменикот на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење г-ѓа Славица Грковска. 27 Октомври 2023, 12ч во предавалната 402, наменета за целоата академска заедница на АУЕ ФОН. Работилницата опфати 20 студенти и 10 академски и административен кадар на АУЕ ФОН
Наставниот кадар во целост поседува технички вештини за изведување на наставните програми, како и за водење на сите административни процеси врзани со наставата.

Прилози
Прилог 5.6.А АУЕ ФОН остварена мобилност

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Во текот на академските 2019/20, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 години на Факултетите при Американскиот универзитет на Европа – ФОН се ангажираат визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма
На Факултетот за правни и политички науки ангажирани се четворица професори со звање професор емеритус, од

| | |
|---|---|
| кои еден од нив академик на МАНУ и тоа: проф. д-р Владо Камбовски, проф. д- р Денко Малески, проф. д-р Нано Ружин и проф. д-р Мирко Трипуноски. Во текот на целиот период на анализа ангажиран е проф. д-р Валентин Пепељугоски како визитинг професор. Во период од 2020/2021 како визитинг професор ангажиран е и доц. д-р Јован Манасиевски. На Факултетот за информатика во текот на учебната 2023/2024 година на Факултетот за информатика е ангажиран еден визитинг професор: проф. д-р Ќире Јаќимоски, а во текот на учебната 2020/2021 и 2021/2022 година на Факултетот за економски науки се ангажирани двајца визитинг професори: проф. д-р Баки Колеци и проф. д-р Флорије Мифтари. Во текот на учебната 2020/2021 и 2021/2022 година на Факултетот за детективи и безбедност како визитинг наставник бил ангажиран Проф.д-р Злате Димовски, редовен професор на Факултетот за безбедност при УКЛО и проф. д-р Мирослав Пендаровски, а на Факултетот за дизајн и мултимедија биле ангажирани насл. проф. д-р Ивана Јарчевска од МНТ,научен соработник д-р Александар Василевски и научен советник д-р Иван Заров, додека на Факултетот за странски јазици проф. д-р Лилјана Митковска, проф. д-р Маја Тимовска, проф. д-р Ана Лазарова Никовска, и на година на Факултетот за спортски менаџмент се ангажирани двајца визитинг професори: доц. д-р Зоран Ханџиски и доц. д-р Маја Тимовска. АУЕ ФОН континуирано организира гостински предавања на афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката. Се посветува внимание на разноликоста на профилот на стручност на гостинските предавачи, и иако најчесто предавањата се врзани со конкретен предмет, присуството е отворено за сите студенти од сите студиски години. Во периодот од 2019 до 2024, реализирани се гостински предавања, дебати, конференции, работилници, трибини, тркалезни маси итн, со учество на домашни и странски експерти дадени во Прилог 5.7.А.<br><br>На универзитетот беа доделени и почесни титули професор/доктор honoris causa на истакнати експерти и активисти за човекови права меѓу кои: почесна титула Професор Honoris causa на д-р Рајхард Прибе, нобеловката Уадид Бушамауи, европратеникот и известувач за Република Македонија Илхан Ќучук. Истите имаа свои обраќања до студентите. | |
| Прилози<br>Прилог 5.7.А Гостински предавања организирани на АУЕ ФОН во периодот од 2019 до 2024 | |
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| На Американскиот универзитет на Европа – ФОН се реализирани различни активности насочени кон унапредување на наставата и научно-истражувачкиот ангажман. АУЕ – ФОН се јавува како организатор и коорганизатор на меѓународни конференции, дебати и трибини во соработка со релевантни организации и експерти од дадена област. Реализирани се истражувачки студентски проекти на Универзитетот, но и во соработка или финансиран од различни државни или меѓународни организации/институции, како: UNDP, USAID, Фонд за иновации и развој, Светска банка итн.<br>Конкретните примери се дадени во Прилог 5.8.А кај што е приложена листата на проекти и активности на АУЕ – ФОН. | |
| Прилози<br>Прилог 5.8.А Листа на проекти/активности на Американскиот универзитет на Европа – ФОН со кои се поттикнува научната работа од 2019 до 2024 | |
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Покрај опременоста на амфитеатрите и предавалните со ЛЦД проектори со кои на наставниот кадар им се овозможува да може да одржат настава применувајќи ги новите информатички технологии (споделување на презентации и видео презентации), АУЕ-ФОН располага и со пет интерактивни табли кои овозможуваат напредна информатичка технологија која придонесува кон динамично и ажурно спроведување на наставниот процес за студентите.
Системот на Microsoft Office 365 кој е пристапен за студентите како и за наставниот кадар придонесува полесно да може да бидат споделени потребните наставни материјали и на тој начин побрзо достапни за студентите.
Од 2020 година, започна активно користење на апликацијата Microsoft teams (линк) која се користи до денес. На апликацијата се креираат групи за настава со дедицирани канали по засебните предмети. За поголем дел од предметите, наставата која се одвива во просториите на Универзитетот се споделува во живо и во каналите на Microsoft Teams. На тој начин се овозможува студентите кои од одредена причина се спречени да се на настава, истата да ја следат непречено. Апликацијата Microsoft Teams се користи и за лесно споделување на разни презентации, видеа, материјали и за директна комуникација со студентите.

Прилози
Прилог 5.9 Линк до апликацијата Microsoft teams (линк)

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни<br>помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

На Американскиот Универзитет на Европа-ФОН, согласно донесениот Етички кодекс, според член 35, морално е неприфатливо секој вид на плагијат на идеја или дело. (Прилог 5.10.А)
На АУЕ-ФОН се користи системот за проверка на плагијати кој е креиран од Министерството за образование и наука (Прилог 5.10.Б). Овој систем овозможува лесно и ефикасно откривање на трудови што претставуваат плагијати на веќе објавени, оценувани или презентирани трудови. Системот се користи за проверка на автентичноста на дипломски и магистерски трудови на студентите од сите студиски програми на АУЕ-ФОН, чиј извештај се документира во досието на секој студент.
Во рамките на единиците на Универзитетот функционираат и дисциплински комисии избрани со одлука на советите на единиците (Прилог 5.10.В). Во извештајниот период до дисциплинската комисија не се поднесени пријави.

Прилози
Прилог 5.10.А Етички кодекс на Универзитетот (линк)
Прилог 5.10.Б Систем за плагијати (линк)
Прилог 5.10.В Одлуки за дисциплински комисии на АУЕ ФОН

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /доку- мент/акт за научноистражувачка ра- бота. Индикаторите за научно-истра- жувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

АУЕ – ФОН нема донесено посебен акт за научно-истражувачка работа, но вреднувањето на научно-истражувачката и стручно апликативната дејност на кадарот на Универзитетот е јасно дефинирана во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, член 5 – 11 и член 17 (Прилог 5.11.А). Преку наведените услови јасно се посочува на формите на научно-истражувачката работа, односно уметничките и апликативни остварувања на кадарот кои се релевантни, и служат како индикатори за научно-истражувачка, односно стручно апликативната дејност.
Воедно, активностите на кадарот на годишно ниво се евидентираат во Годишните извештаи на деканите за работата на факултетите. Овие извештаи ги,евидентираат активностите во делот на научно истражувачката работа во текот на годината, со што се следи научно-истражувачка, односно стручно апликативната дејност на кадарот.

Прилози
Прилог 5.11.А Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (линк)

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регио- налните и/или националните раз- војни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на ло- калните, регионалните и/или нацио- налните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки |
| Застапеноста на наставно-научниот и соработнички кадар на АУЕ - ФОН во национални, билатерални и меѓународни проекти потврдува дека научно-истражувачката работа е во согласност со локалните, регионалните и националните развојни цели. Исто така, како потврда која дополнително ја прикажува научноистражувачката работа на наставниците и соработниците на Универзитетот се и објавените трудови во референтните научни публикации кои се прикажани во Стандардот 5.2.А | |
| Прилози | |

Стандард 6

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ</th></tr>
<tr><td>Индикатор</td><td>Документација</td></tr>
<tr><td>6.1. Установата обезбедува соодветно финан- сирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достап- ни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата од- носно студиските програми е ефикасен и се ба- зира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научно- истражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен.</td><td>Финансиски план од претходните пет години Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа )</td></tr>
<tr><td colspan="2">Американскиот универзитет на Европа - ФОН ги почитува сите прописи во поглед на финансиското и сметководственото работење. Приходите кои се сопствените приходи на универзитетот се во функција на реализација на наставните содржини и активности на универзитетот. (Прилог 6.1.А-6.1.Д)<br>Студирањето на АУЕ-ФОН е со самофинансирање. За висината на годишната школарина студентите се информирани во конкурсот за запишување на студенти во прв и втор циклус на студии за секоја академска година. Менаџментот на Универзитетот го задржува правото да определи и друга, пониска школарина за секој студент, во зависност од успехот остварен во средно образование, изборот на студиската програма и амбициите на студентот. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Во рамките на ваквиот начин на функционирање е поставен системот за Финасиска студентска поддршка каде секој студент при упис има право да аплицира за одредена или целосна финасиска поддршка. Општествената одговорност на Универзитетот е голема и се доделуваат и целосни степендии кои се поделени во различни категории односно за: талентирани млади, лица со попреченост, и ранливи категории.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 6.1.А Финансиски извештаи 2020<br>Прилог 6.1.Б Финансиски извештаи 2021<br>Прилог 6.1.В Финансиски извештаи 2022<br>Прилог 6.1.Г Финансиски извештаи 2023<br>Прилог 6.1.Д Финансиски извештаи 2024</td></tr>
<tr><td>6.2. Техничките ресурси на установата (библио- теки, лаборатории, простории за работа, инфор- матичка опрема и др.) се соодветни за реализа- ција на студиската програма. Студентите и нас- тавниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструк- тура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установа- та.</td><td>Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупната површина на сопствен простор на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (предавални, службен простор, библиотеки, лаборатории, информатичка опрема) се соодветни за потребите за изведување на настава и реализација на другите активности на универзитетот. Вкупниот простор на универзитетот наменет за изведување наставна и истражувачка дејност опфаќа површина 4427,3 м2, односно: 12 предавлни и амфитеатри со вкупна површина од 1155,4м2; 4 лаборатории со вкупна површина од 394 м2, читална и библиотека 132 м2; 17 кабинети за вработениот наставен кадар 694,9 м2; 2 простории за работа на органите и телата на АУЕ-ФОН универзитет со површина од 274м2; 5 канцеларии и простории за ненаставен кадар 201 м2; 1 просторија за работа на студентско</td></tr>
</table>

собрание со површина од 63 м2 и 2 други заеднички и повеќенаменски простории, сали за состаноци 606,3 м2 итн. (Прилог 6.2.А)
Во целиот објект има пристап на интеренет преку слободен Wi-Fi, а овозможено е и WLAN приклучување на сопствени компјутери на студентите, на информатичка мрежа во зградата, во лабораториите – 50 позиции. Сите предавални, амфитеатри и лабораториии се опремени со клупи и места за седење, ЛЦД проектори, десктоп компјутери, звучници, веб камери и табли. Во употреба се и две посебни лаборатории за работа на студентите на Факултетот за дизајн и мултимедија, кои се соодветно опремени со клупи и табли за цртање, гипсани модели, машини за шиење, моделарски кукли и маси итн. (Прилог 6.2.Б).
Во текот на 2022 година набавени се девет преносни компјутери за целиот Универзитет.
Според последниот увид на ниво на Универзитетот има 46 компјутери во лабораториите за работа на студентите, 6 DELL сервери, 26 проектори за презентации. Функционалноста на информатичката опрема е предизвик, поради користењето на истата од многу корисници и можноста за внесување на вируси во системите. Дополнителен предизвик е честото ангажирање па заминување на лицето задолжено за одржување на ИТ опремата (за одредени активности се ангажираат надворешни лица). Препорака е да се најде соодветен пристап кон решавање на овој проблем. Сепак, може да се констатира дека ова не влијае на наставниот процес на АУЕ - ФОН.
Студентите на АУЕ-ФОН имаат на располагање универзитетска библиотека со читална, опремена со стручна литература, научни книги и учебници прибрани од формирањето на Универзитетот до денес. Постои и онлајн програм за читање на електронски книги.
Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси на АУЕ-ФОН универзитет.
Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Учењето на далечина (во вонредни услови, како што беше состојбата на COVID 19), се спроведуваше главно преку електронската платформа Microsoft Teams (линк) (Прилог 6.2.Г) со која се остварува двонасочна комуникација помеѓу наставниците и студентите, а истата продолжи да се користи и понатаму по нормализација на условите. Преку оваа платформа, студентите имаат можност да ги следат предавањата во живо и доколку не се физички присутни на факултетот. Имаат и пристап до материјалите за учење по одделните студиски предмети, а платформата се користи и реализирање на дополнителни студиски активности (домашни задачи, проекти, и слично).
Наставниот кадар и студентите на факултетот ја користат и електронската платформа студентско електронско досие која служи како студентски сервис. Конкретно, студентите преку сопственото електронско досие пријавуваат испити, имаат преглед на пријавените и положените испити и слично. Прилог 6.2.Д Линк до студентски портал и Прилог 6.2.Ѓ Линк до професорски портал.
Инклузивноста е основен постулат на кој се темели работењето на Американскиот универзитет на Европа – ФОН во целост. Лицата со посебни потреби имаат пристап во просториите на Универзитетот.

Прилози
Прилог 6.2.А Список на простории со површина со кои располага АУЕ-ФОН
Прилог 6.2.Б Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење високобразовна дејност на АУЕ - ФОН наменети за студентите
Прилог 6.2.В Microsoft Teams (линк)
Прилог 6.2.Г Линк до студентски портал (линк)
Прилог 6.2.Д Линк до професорски портал (линк)

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функци- ја на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популаци- ја (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра- тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/админис- тративните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/администра-<br>тивните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

| | |
|---|---|
| Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | |

Универзитетските служби ги земаат предвид потребите на различната студентска популација и работат на обезбедување навремена и ефикасна поддршка во текот на студиите. За подобра комуникација со студентите и сите засегнати страни, административните служби овозможуваат електронска комуникација преку службената електронска пошта, Студентскиот портал и веб-страницата на Универзитетот/факултетот, како и телефонска и вибер комуникација (линк).
Бројот на вработени во помошните и административните служби е усогласен со актуелниот акт за внатрешна организација и систематизација на работните места (Прилог 6.3.Б). Нови вработувања се вршат на позиции каде што е идентификувана потреба, со што се обезбедува континуирано и нормално функционирање на институцијата. Профилот и бројот на вработени во овие служби се прикажани во Прилог 6.3.В.
Административниот и помошниот кадар имаат можност за развој на личните и професионални компетенции, како на сопствена иницијатива, така и преку учество на обуки и тренинзи организирани од Универзитетот. Во извештајниот период се реализирани повеќе обуки за наставниот и административниот кадар, меѓу кои:
Обуки за англиски јазик - online курс за сите вработени на АУЕ – ФОН, спроведен од Miami University in Oxford, Ohio, USA, предавач Jessie Ashe, 2020. (линк)
Тренинг за подобрување на менталното здравје (предавач Дафина Кирби, лиценциран тренер за трансформациски живот и тренер за здравје на мозокот, 2022), со интерактивно предавање за алатки и техники за позитивен ментален став. (линк)
Работилница „Важноста на принципите за интегритет, чесност и одговорност“, во рамки на кампањата “Зависи од мене и тебе”, предавач г-ѓа Славица Грковска, 27 октомври 2023. (линк)
Овие обуки се достапни за сите вработени, како наставен така и административен кадар, со цел континуирано унапредување на компетенциите и квалитетот на работата. Известувањата за обуките и реализираните активности се нотирани и во Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот (Прилог 6.3.Г и 6.3.Д).

Прилози
Прилог 6.3.А Список на контакти објавен на веб страната на универзитетот (линк)
Прилог 6.3.Б Правилник за внатрешна организација и систематизација на работни места (линк)
Прилог 6.3.В Збирен преглед на ненаставен/административен кадар
Прилог 6.3.Г Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот за 2022 и 2023
Прилог 6.3.Д Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот за 2024

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на<br>вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. Проекти во кои се целосно вклучени и поттикнати студентите со нивно активно учество во периодот на известување се:
октомври 2019 - проект „Фабрика на знаење“ чија цел е да се создадат реални и квалитетни производи од страна на студентите (оваа година и средношколци), како зададена задача од партнерските компании кои учествуваат во проектот претстави десет нови презентации на тимовите со средношколци и студенти, менторирани од наставниот кадар на ФОН универзитетот. Пред стручните тимови на: Националната Филхармонија, Македонски Телеком, Прилепска пиварница, ЕСМ и Компанијата ФИНЕ, тимовите покажаа знаење, мудрост и тактичност. (линк) (линк)

Истражувачки проекти на Факултетот за правни и политички науки:
-Учество на младите во политичкиот живот во Република Северна Македонија – студентски истражувачки проект. Активностите на проектот се реализираа во период од октомври до декември 2022 година. Проектот вклучи анализа на нормативната рамна на младинското учество како и испитувањето на ставовите на младите преку анкетни прашалници. Спроведени беа вкупно 1175 анкетни прашалници. Целта на проектоот беше да се истражи партиципативноста кај младите. Водени од актуелните истражувања кои укажуваат на голема апатија кај младите во државата и незаинтересираност за политичките случувања, преку анкетата, студентите настојуваа да се утврдат причините кои придонесуваат младите да немаат желба да го остварат своето активно и пасивно избирачко право, да не ги следат политичките случувања и да не учествуваат во облиците на граѓанска партиципација. Линк до резултатите
-За Студенцките работи - научно истражувачки проект „За студенцките работи“ каде станува збор за сеопфатно истражување на студентскиот стандард со цел да се прикаже вистинската слика за тоа како живее еден просечен студент во државата, направено во текот на академските 2022/23 и 2023/24 година од страна на студентите од Факултетот за правни и политики науки при Американскиот универзитет на Европа - ФОН. Воедно преку овој проектот, кој вклучи преку 1200 испитаници, Факултетот за правни и политички науки имаше за цел да ја подигне свеста на студентите за значењето на нивните права како во сегментот на образование, така и во сегментот на нивниот животен стандард. Напоредно со тоа, преку овој проект студентите имаа прилика практично да ги совладаат методите на научно – истражувачка работа, да се здобијат со вештини поврзани со реализација и примена на стандарди на научно истражувачката работа, како и да ги развијат комуникациските вештини, тимската работа и работата на терен“ Линк од резултатите

Факултет за економски науки
Проект за медиумска и информациска писменост,„Младите размислуаат“ проект на USAID. (линк до веб)

Факултет за дизајн и мултимедија:
март 2021, Во Europe House Скопје се изложени 18 дизајнерски постери на изложба на тема пробација, насловена како „Пробација на ѕидот“. На Конкурсот „Јакнење на казнено - поправниот систем и пробациската служба“ во рамки на Твининг проектот учествуваа студенти од Факултетот за дизајн и мултимедија при ФОН. (линк)
Студентите на Факултетот за дизајн и мултимедија биле ангажирани за 3 стручно уметнички проекти на Активноста на USAID North Macedonia за млади кои активно создаваат можности, имплементирана од организацијата IESC во партнерство со Младински образовен форум - МОФ / Youth Educational Forum -YEF и CEED Hub Skopje.
јуни 2023: Проект за креирање и исцртување на мурали во канцелариите на Активноста на USAID North Macedonia за млади кои активно создаваат можности, студенти: Андријана Антова, Ана Марија Мишачкоска, Иван Неделковски, Теодор Петровски, Матеа Грнчароска, под менторство на проф. м-р Милош Милосављевиќ и проф. д-р Марија Ветероска. Линк до резултатите
ноември 2023:, дизајн на виртуелни ликови за потребите на Проектот за младински аспирации за кариера и вештини студенти: Теодор Петровски и Елена Ордевска, под менторство на проф. м-р. Антонио Арангеловиќ; Линк до резултатите
август 2024: креирање и исцртување на мурали и интерактивни игри во дворот, новообоена табла, македонската азбука во Младинскиот центар „СУМНАЛ“ во Скопје, студенти: Теодор Петровски, Магдалена Добревска, Стефан Христовски, Стефан Лесански, Леонора Голова и Теа Николовска, под менторство на професорите Милош Милосављевиќ и Марија Ветероска; Линк до резултатите

Факултет за странски јазици:
февруари 2023, Студентите од Факултетот за странски јазици при АУЕ - ФОН во рамки на Европската федерација на асоцијации и центри за ирски студии (ЕФАЦИС) учествуваа во меѓународен преведувачки проект од светски рамки. Фокус на проектот насловен како „Литературата како превод“ беа делата на една од најпознатите современи ирски писателки, Ен Енрајт. (линк)

Прилози
Прилог 6.4.А Реализирани научно истражувачки и стручно уметнички проекти на АУЕ ФОН од 2019 до 2024

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специ- фични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функциона- лен Центар за кариера, менторски сесии, пси- холошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Со намера да се постигнат стратешките цели, Центарот за кариера и алумни ги врши следниве задачи односно ги нуди следните услуги:

поврзува различни целни групи и нуди помош во советување за професионален развој на студентите, алумни заедницата, како и поврзување на работодавачите со академската заедница, заради развивање на нивните вештини и стратегии за полесно вклучување на пазарот на трудот;

им помага на студентите при добивање на информации за нивно кариерно планирање, професионална обука и помош за разбирање на реалниот сектор;

ги охрабрува студентите да носат одлуки во врска со нивните планови за развој на кариерата;

ги стимулира студентите да ги развијат своите знаења и вештини за барање работа, подобрување на нивните комуникациски и презентациски вештини и останати стручни квалификации;

на студентите им обезбедува можност за практиканска работа и мобилност во деловната заедница, чија основна цел е збогатување и унапредување на нивните практична знаења и вештини;

остварува врски со алумни заедницата, со државни и приватни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации и други домашни и меѓународни субјекти кои обезбедуваат можности за развој на професионални компетенции, интеграција и имплементација на академските знаења во реална работна средина и создавање на контакти и истражување на идните можности за работа и развој на кариерата, и

соработува со средните училиште во Република Северна Македонија, со цел запознавање на учениците со студиските програми и активностите на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Скопје.

Во насока на реализација на поставените цели и задачи, во периодот од септември 2021 година до јуни 2024 година, Центарот за кариера и алумни ги спроведе следните активности:

